## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 март 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

Почитувани колеги пратеници продолжуваме со работа по 23-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Ристанка Лалчевска, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Насер Ајдини, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Фијат Цановски, Данаил Дончев и Јани Макрадули, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Поминуваме на точка 9. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, на почетокот сакам да укажам дека јас ќе се обидам во својата дискусија да зборувам конкретно за предложениот закон кој што е од група пратеници од пратеничките групи на СДСМ и од ЛДП.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за тишина. Ве молам да се сослушаме.

**Слободан Најдовски:** Сакам да зборувам конкретно за закон кој што е предложен од пратеничките групи на ЛДП и СДСМ, бидејќи во текот на вчерашната попладневна расправа се расправаше по овој предложен закон, но според мојата оценка најмалку се расправаше за предложените законски решенија. Многу повеќе се расправаше за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Тоа навистина е важна тема. Можеби за тоа сега дел од пратениците го напаѓаат овој Предлог на закон, но за брзо време ќе имаме овде расправа за ваков или сличен закон, предложен од Владата на Република Македонија, па оние кои го критикуваат ваквиот начин, можеби тогаш и поинаку ќе дискутираат, но ако го погледнат законот што Владата ни го испрати, ќе видат дека оваа тема и те како е важна за да се расправа во Собранието на Република Македонија.

Основната причина што како пратеници го предложивме законот за изменување и дополнување на законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, да напоменам, предложен е уште во месец ноември, но за жал, дури денес стигнуваме да расправаме за него, предложен во периодот кога што требаше да се расправа и за Буџетот.

Господине пртседателе јас ќе ги почекам господата да се изнадовикуваат. Јас зборувам за пратениците, иако често ние пратениците сакаме да зборуваме за јавноста, за овој закон навистина сакам да зборувам за пратениците. Очекувам да ги убедам со факти и бројки дека треба да го изгласаме барем во прва фаза овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, јас исто интервенирам најсериозно. Не треба да се каже дека многу е потешко да се слуша, отколку да се говори. Но, затоа сме тука, да се сослушаме. Пред се, да се сослушаме. Ако има некој нешто да каже, тоа е плус. Ве молам, имајте го тоа предвид.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине претседателе.

Значи ние го предложивме овој закон во месец ноември, пред да отпочне расправата за Буџетот во Собранието на Република Македонија за 2007 година и со тоа очекувавме дека тогаш ќе ја отпочнеме расправата за предложениот закон, како би влегол навремено истиот во сила со отпочнувањето на новата фискална година во Република Македонија, односно со новиот Буџет.

Јас кога го потпишав овој Предлог на закон појдов од тоа дека Владата е искрена во намерата дека ќе го намали персоналниот данок во Република Македонија, бидејќи на големи ѕвона го најави намалувањето на персоналниот данок во Република Македонија.

Аналогно на тоа, требаше да се очекува дека ќе се намалат приходите од персонален данок, автоматски со тоа и еден од изворните приходи на општините, односно приходите кои што произлегуваат на дел од зафаќањата за персоналниот данок.

Значи, Законот беше во согласност со во наводници кажано, најавените големи даночни реформи од страна на Владата, или тн., рамен данок. Се очекуваше онака како што тогаш Владата држеше пресови, не убедуваше и нас и македонската јавност дека со тие измени ќе има помали обврски по основ на персонален данок, а со тоа автоматски помали приходи од персоналниот данок кое што директно содржуваше на помали приходи во рамките на општините.

И за тоа како предлагачи со овој закон настојувавме да ја зголемиме ставката од 3 на 4 по проценти на персоналниот данок, при што нема да се зголемат или мининални ќе бидат зголемувањата од вкупната маса на приходите по основ на персонален данок на доход во рамките на Буџетот на Република Македонија, а приходите на општините по основ на персонален данок ќе останеа на нивото од 2006 година.

Но што се случи по поднесувањето на овој наш закон во ноември месец. Буџетот за 2007 година на Република Македонија ни беше испратен тие денови кога го поднесовме и законот. Во тој Буџет, со оглед на тоа што беше само Предлог, не можеше да се знае конечната верзија која што ќе биде усвоена од страна на Парламентот и не можеше да се да се изведат точните пресметки. Бидејќи можни беа како што Владата и така постапува со секое предложување на закон во Парламентот од после ќе им текне ќе поднесат амандмани, можеше да се очекуваат и најразлични промени во Буџетот. Ние тогаш морам да ви кажам, лично од себе поаѓам, како сите граѓани на Република Македонија, верувавме дека Владата е искрена во намерите да го намали персоналниот данок во Република Македонија. И со тоа да ги намали приходите од персонален данок во Република Македонија. Но денес, кога веќе расправаме за овој закон, се поставува прашањето дали ние сега овој закон ваков каков што е навистина, треба да произлезе од Буџетот кој што беше усвоен. Зошто ова го поставувам како прашање. Го поставувам бидејќи сме денес сведоци на најголемата измама која што ја направила една Влада во последниве години со голема медиумска кампања, а таа измама е дека не убедуваше дека ќе има вистинско намалување на персоналниот данок на доход во Република Македонија, но истовремено, никаде не кажа дека ќе има напоредно со тоа проширување на основицата на персоналниот данок и со тоа, наместо намалување на обврските по персонален данок на даночните обврзници, денес имаме исто ниво, ако не и поголемо ниво.

Јас за тоа зборував, ако се сеќавате кога беше за Буџетот, но тогаш вие колеги пратеници од владината коалиција, не ме поддржавте, бевте против. Последните денови, односно последните часови кога ги носевме тие закони, се сеќавате многу добро дека дури баравте од мене да не дискутирам за законот за персонален данок на доход, заради тоа што беше во очи на Нова година, иако тогаш ви укажав само со две три реченици на негативните последици кои што ќе ги има во одредени сектори. Така да денес, сами сте сведоци кога министерот, господин Славески го одби мојот амандман за одданочувањето со персонален данок на доход, на користење на приватни возила за потреби на претпријатието и на моето укажување дека во мај - јуни месец Собранието нема да има финансиски средства да работи. Многу ноншалантно ми одговори дека за тоа се предвидени пари. Денес само по тој основ моја група пресметка е Собранието за обврски од минатата година должи преку 300 илјади евра. По моја груба пресметка. Сега, сакате или не, тоа да го признаете и да го признаат од Министерството за финансии денес тоа е резултат. Јас ќе ви кажам како еден пример, а такви примери по фирмите ќе видите за брзо време ќе има многу. Што значи, да заклучам, поаѓајќи од таа голема измама на Владата на Република Македонија за наводно намалување на ставките на персонален данок на доход, ние го предложивме овој закон. Реално, намалувањето требаше да биде 20% за стафакта на персонален данок. Од 15 на 12%, а потоа и на 10%. Со тоа, реално е, што го предложивме ние овој закон да зголемиме барем 20% зголемување на издвојувањето од централниот буџет од персонален данок на доход за општините, за да се задржи истото ниво што го добиваа во 2006 година, за да можат да го добијат во 2007 година.

Но, што покажа донесениот Буџет. Донесениот Буџет покажа дека по основ на персонален данок на доход, годинава се предвидуваат 7 милијарди и 615 милиони денари. Наспроти во 2006 година кога беа остварени 8 милијарди и 256 милиони денари. Ако беше реално она што Владата го вети, што го пропаѓираше дека ќе има 20% намалување на стафката на персоналниот данок, тогаш реално беше и приодите да бидат помали по основ на персонален данок на доход за 20%, односно за една милијарда и 650 милиони денари помалку во однос на 2006 година. Но, вистината е сосема друга. Намалени се само за 600 милиони, иако ќе бидат поголеми, затоа што тука е и втората игра што ја игра Владата на Република Македонија, која што во подоцнежна фаза ќе прикаже поголеми приходи по основ на персонален данок на даход, божем ја зголемила фискалната дисциплина, а од друга страна, всушност, се работи за тоа, тогаш да излезе прикриената намера и прикриениот начин со проширувањето на даночната основица. Не ни го верувавте тоа тогаш, како што сега пред месец дена Владата не ни веруваше за предложениот закон за здравствено осигурување, но после месец дена, деновиве читам по весници за тоа се уверија дека е така. Ве уверувам и следново: дека ова ќе се покаже за четири пет месеци, дека навистина сум во право и дека нема намалување на обврските по основ на персонален данок на доход за даночните обврзници.

Таа измама од страна на Владата и таа остра медиумска кампања не натера да го поднесеме овој закон. Гледајќи ги износите на приходите кои што се по персонален данок на доход во 2006 година приближно се издвоиле во Република Македонија за општините 250 милиони денари. Ако остане истата стапка од 3% како што е досега, во 2007 година би се издвоиле според планираните приходи на персонален данок на доход, би се издвоиле 228 милиони денари, што значи помалку за 22 милиони денари во однос на 2006 година. А притоа треба да имаме во предвид дека Буџетот за 2007 година е зголемен

во однос на 2006 година. Тогаш се поставува основното прашање, зошто оваа Влада уште во планирањето на финансиските средства по основ на персонален данок на доход им крати на општините 20 и неколку милиони денари, наместо што треба аналогно на зголемувањето на Буџетот да ги зголеми приходите на општините по основ на персонален данок на доход. Затоа со нашиот предлог, вчера имаше забелешка од некои од колегите пратеници дека не е поткрепен со финансиска анализа колку тоа ќе изнесувало. Многу едноставно. Пресметката е околу 300 милиони денари би се издвојувале со оваа стапка која што ние ја имаме предложено. Што значи таа е дури помала од зголемувањето на Буџетот за 2007 година. Затоа сметам дека треба овој закон да го донесеме барем првата фаза. Ако ја донесеме првата фаза на овој закон, меѓу двете фази на донесувањето на законот да ја задолжиме Владата за следново. Владата да ни изготви анализа со оглед на тоа што 2006 година беше прва целосна фискална година по новиот начин на финансирање на единиците на локалната самоуправа, односно на општините како се одрази новиот начин на финансирање на единиците на локалната самоуправа. Владата да ни достави пресметка дали ќе има намалување на приходите на општините по основ на персонален данок на доход, ако остане постојното решение. Јас тврдам, според планираните износи на персонален данок на доход кои што се во Буџетот ќе има намалување за најмалку 22 милиони денари и ако се исклучи потребното зголемувње адекватно на зголемувањето на Буџетот, некаде за 70 милиони денари ќе бидат пократки општините по основ на приходи од персонален данок на доход. Истото се однесува и на данокот на додадена вредност со оглед на тоа што се намалија ставките на данокот на додадена вредност за одредени земјоделски производи. Владата да достави пресметка од кои извори ќе се надополнат доколку не го усвоите овој закон како што ние го имаме предложено, тогаш како смета Владата да ги надополни, од кои извори средствата за кои што ќе бидат намалени приходите на општините. Овде вчера во парламентарната расправа, а и пред два месеци министерот за финансии господинот Трајко Славески најави дека ќе се воведе нов данок на имот за претпријатијата односно со кои што ќе се оданочи деловниот и производствениот простор, бидејќи досега се оданочени само оние простории кои што не се во функција на обавувањето на процесот на стопанисување. Да видиме, ако е тоа така, ако Владата има таква намера, тогаш да ни каже дека намалувањето на приходите за општините ќе се надополни на овој начин, па ќе зборуваме што тоа ќе значи, дали е ново оптоварување за стопанството, не е ново, колкаво ќе биде. Но, за тоа мора Владата да излезе овде со своја анализа. Исто така, Владата треба да излезе со анализа како ќе го изврши усогласувањето на надлежностите на општините и приходите кои што ќе ги имаат намалени по основ на ова што Владата сега им го скратува со Буџетот на општините во Република Македонија. Една бегла анализа, ако ја направите ќе покаже дека општинската јавна потрошувачка во Република Македонија учествува со 3,9% во вкупниот општествен производ на Република Македонија. Тој процент е убедливо најмал во Европа, ако останеме на ова ниво кое што е сега. Ако имаме во предвид дека Владата планира уште повеќе по основ на персонален данок на доход да ги намали приходите на општините, во тој случај, значи тој процент ќе биде уште помал. Затоа би завршил со следново, дека законот кој што е предложен не претставува воопшто дополнителна давачка, туку законот претставува одвојување на средства по основ на персонален данок на доход од Централниот буџет за буџетите на единиците на локалната самоуправа на исто ниво како што беше во 2006 година. И заради таа причина овој закон треба да ја помине барем првата фаза. И ве повикувам да го донесеме, за да го избегнеме евентуалниот дисбаланс кој што би се јавил помеѓу приходите и расходите на општините за следната година. Што значи, јас иако без консултации со останатите предлагачи и потписници на овој закон за мене е прифатливо доколку владиното мнозинство се согласи да ја изгласаме првата фаза. За втората фаза да се договориме врз основа на анализите кои што ќе ги имаме добиено од Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги.

Пратеничката група на СДСМ поддржана и од пратеничката група на ЛДП на 30 ноември 2006 година поднесе пред ова Собрание Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Вие почитуван претседтеле го ставивте овој предлог на дневен ред на 23-та седница која да потсетам беше закажана за 20 декември 2006 година. И сакам сите да се потсетиме дека оваа седница без никакво образложение беше симната од дневен ред и своето второ закажување го доживеа дури на 26 февруари 2007 година. Ова само заради фактот што до ден денес, иако предлогот од наша страна е доставен на крајот на ноември минатата година, Владата на Република Македонија предводена од господинот Груевски до ден денеска не доставила мислење по овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. И повторно ќе потсетам, Владата не достави мислење за Предлог закон иако достави свое мислење околу измените што се однесува на Деловникот како нормативен акт на ова Собрание, она што не и е работа на оваа Влада. Постои ли спрега почитуван претседателе помеѓу вас како прв меѓу еднаквите и Владата на господинот Груевски? Вие го користите вашето деловничко право да не го поставите Предлогот кој доаѓа од страна на

опозиционите пратеници, односно на два пати да ја одлагате расправата по овој Предлог, а истовремено Владата не се произнесува по еден мошне сериозен предлог, за еден мошне сериозен закон кој се однесува на децентрализацијата во Република Македонија. Намерата е јасна и секој ден станува се појасно и во очите на македонските граѓани. Владата не сака конструктивни предлози од опозицијата само за да не и пропадне обидот да прикажува дека во Република Македонија не постои политички дијалог, а за тоа е виновна опозицијата.

Процесот на децентрализацијата во Република Македонија го започна токму минатата Влада предводена од СДСМ со цел поголема функционалност на институциите на системот и организирање на власт која е блиску до граѓаните на Република Македонија. Тоа беше централна власт предводена од СДСМ која сама себе си доблесно си ги одземе надлежностите за да ги делегира на локално ниво. Тоа беше власт која покажа висок степен на висока државна свест и тоа е нотирен факт почитувани колеги од владеачкото мнозинство. Бидејќи процесот на децентрализацијата неминовно почна, никој од нас не може да го запре. Но, може да го закочи како што во овој момент процесот на децентрализација заради финансиска неодржливост на единиците на локалната самоуправа се наоѓа во ќорсокак.

Господине претседателе имаме проблем со обезбедувањето на услови за работа во ова Собрание.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

И повторно ќе потсетам на предизборните ветувања, на предизборната програма која токму ВМРО-ДПМНЕ и доби можност да организира власт во Република Македонија.

На страна 93 под Глава: политички систем, ВМРО-ДПМНЕ како своја основна заложба во организацијата и вршењето на власта е да обезбеди да функционираат институциите на системот како сервиси на граѓаните. Во поглед на сопственото изразување на сопственото поимање на политиката на децентрализација ќе го цитирам делот од програмата “Преродба во сто чекори” каде што се вели: разбирливо не сите проблеми најефикасно и најекономично можат да се решаваат на централно ниво. Затоа многу од поранешните надлежности на Владата се децентрализирани и пренесени во надлежност на локалната самоуправа. Сепак, локалните власти најчесто располагаат со многу скромни можности за практикување на сите свои ново доделени надлежности. И затоа Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе презема конкретни чекори за финансиска, материјална и кадровска поддршка на локалните власти, притоа недоведувајќи го во прашање нивниот интегритет, генерално поттикнувајќи го ангажирањето на граѓаните во решавањето на локалните проблеми и принципиелно поддржувајќи ги граѓанските иницијативи, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во соработка со локалните власти ќе настојува да обезбеди потребна правна рамка за што поуспешно функционирање на локалната власт. Ова е верувањето на ВМРО-ДПМНЕ. Ова е едно од многуте ветувања кое ВМРО-ДПМНЕ не може, нема капацитет, ниту политичка волја да ги материјализира во моментите кога власта ја практицира во Република Македонија и тоа за жал. Социјал демократскиот сојуз на Македонија го започна процесот на приближување на власта до граѓаните се со цел да генерира забрзување на општиот развој во Република Македонија и сите заедно ветивме во сите наши предизборни програми дека ќе бидеме максимално флексибилни заради успешноста на овој многу важен национален државен проект. Тоа е проектот на децентрализација кој е двигател и стимулатор на економскиот развој во нашава земја.

Меѓутоа, очигледно е дека владеачкото мнозинство дема да го поддржи овој закон. Не дека овој закон нема да придонесе за развој на децентрализацијата за развој на локалната самоуправа, туку само заради тоа што како идеја и иницијатива доаѓа токму од страна на пратениците од Социјал демократскиот сојуз и Либерално демократската партија. Ние сметавме кога предложувавме овој закон дека граѓаните се како даночни обврзници имаат право со сопствените издвоени средства да организираат власт на локално ниво, власт која ќе биде блиску до нив, власт која ќе можат сами да ја организираат и да влијаат врз нејзините одлуки. Меѓутоа во Република Македонија во тек е уште еден многу сериозен проблем. Владата на ВМРО-ДПМНЕ предводена од господинот Груевска нема слух за соработка со единиците на локалната самоуправа. И, тоа се покажа во многу навтари. Тоа се покажа кога иницираше Владата донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија без да ја консултира заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Токму тоа се случува и денес. На своја седница уште во октомври минатата година ЗЕЛС го усвои актот систематизирани ставови на ЗЕЛС во однос на актуелните прашања во локалната самоуправа каде што сами поттикнаа промена во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа на која Владата се оглуши, на која Владата не даде одговор и за која Владата очигледно нема да реагира. Токму заради тоа а во соработка со ЗЕЛС ние како позициони пратеници пред ова Собрание го иницираме овој Предлог за изменување и дополнување на законот. Се согласно законот, системскиот закон за локалната самоуправа каде што во Глава 11 се предвиден имеханизмите за соработка меѓу оопштините, Владата и органите на управата. Владата на Република Македонија мора да разбере дека согласно закон мора да ги консултира единиците на локалната самоуправа кога ќе донесува или променува или кога нема да

донесува акти кои се однесуваат на локалната самоуправа. Значи мора да ги консултира, мора да соработува со општините и мора да го продолжи започнатиот процес на децентрализација. ЗЕЛС во својот акт укажа на неколку проблеми. Најпрво значи побара зголемување на процентот од данокот на додадена вредност кој се трансферира кон општините од 3 на 5,5% и побара зголемување на процентот од персоналниот данок за општините посебно заради штетите што општините ги трпат со воведувањето на рамниот данок. Тоа беше првата економска мерка да потсетам и за жал во овој момент последната која ја започна и спроведе Владата на господинот Груевски. И не само тоа. Да потсетам ЗЕЛС на многу спорото децентрализарање на државното градежно неизградено земјиште кое го сметаат за свој главен ресор на локалниот развој. Во Македонија иако постои уставна и законска основа за управување со државното градежно земјиште од страна на локалните власти, Владата сеуште не пристапила кон административна децентрализација на градежното земјиште. И тука трпат општините.

Почитувани колеги, општините во овој момент во Република Македонија се соочуваат со големи проблеми. Процесот на децентрализацијата во овој момент е закочен и се наоѓа во критична состојба. Иако дел од овие укажувања од општините и сугестии дојдоа и од страна на Европската комисија во својот последен извештај, сепак Владата ништо не прави на овој план за подобрување на ваквите состојби. Нема ниту слух, ниту политичка волја во ЗЕЛС да гледа свој рамноправен партнер како што реков, која е нејзина законска обврска. Денес во Република Македонија, иако согласно Законот за локална самоуправа општините имаат голема листа на надлежности, за жал заради финансиски проблеми општините не се во состојба да си ги извршуваат тие надлежности соодветно законот. На пример, иако е денес 6 март, сеуште ја нема јануарската наменска дотација за образованието која Владата мораше да ја трансферира до единиците на локалната самоуправа. И ние се наоѓаме во ситуација наместо да зборуваме за натпревар меѓу општините околу подобрените услови, во услови на децентрализација, ние за жал зборуваме за можен распад на системот. СДСМ затоа го поднесе овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Само со една надеж да обезбедиме финансиска одржливост на општините, од каде што сите ние, почитувани пратеници, сме делегирани како нивни претставници. И, сигурни сме дека тоа ќе помогне во решавањето на реалните проблеми во државата.

Уште еднаш ја користам можноста да апелирам до Владата и до парламентарното мнозинство да ги тргне своите суети на страна. Да ја сфати и да ја разбере сериозноста од потребата за превземање итни мерки и да го прифати овој Закон, кој нуди решение на овој проблем. Се надеваме дека и Владата и парламентарното мнозинство нема да останат глуви за нашите апели и дека во овој момент сите согласно своја сопствена совест и чест, сите ќе успееме да ги надминеме своите партиски ставови и убедувања и ќе гласаме во интерес на единиците на локална самоуправа, во интерес на децентрализацијата како процес во Република Македонија.

И, верувајте, само со подржка на овој закон ќеповеруваме, не само ние како опозициони пратеници, ќе поверува и македонската јавност дека оваа Влада се уште во целост не се одалечила од вистинските проблеми, кои ја засегаат Република Македонија, а кои во првите 7 месеци од практицирање на власт, за жал, потврдува дека тоа и навистина ќе се случи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Јас имам само едно прашање до почитуваната колешка. Кога се кроеше територијалната поделба и кога се изврши новото прекројување на општините и спојување на руралните со градските делови, дали тогаш при создавањето на кое што и вашата партија беше главна, дали тогаш внимававте дека тие општини ќе опстојат и ќе имаат соодветни извори на средства, каква проценка се изврши и дали бевте свесни кога целата интелектуална јавност кажуваше дека има несоодветна поделба и дека ќе се судриме со главните проблеми, а тоа е финанасирањето на општините. Дали тогаш и сега го имате истиот став? Само тоа ме интересира.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Весна Бендевска една минута контра реплика.

**Весна Бендевска:** И благодарам на почитуваната колешка на репликата, а јас веќе и го започнав своето излагање токму со тој став. Токму СДСМ во согласност со европеизација на македонското општество го започна процесот на децентрализација како неминовност. Токму СДСМ со новата територијална определба и со донесување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, го започна порцесот, кој за жал, оваа Влада предводена од Груевски нема сила, нема волја, нема идеја како да го развие понатаму. Значи, во овој момент ако констатираме дека постои проблем во тој процес, тогаш треба сите да имаме слух да изгласаме закон со кој ќе ги промениме тие услови, со цел 84-те општини во Република Македонија и Градот Скопје да можат финансиски да се одржат во функција на јавен сервис на граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Оливер Дерковски има реплика три минути, повелете.

**Оливер Дерковски:** Благодарам претседателе.

Јас ќе им реплицирам на почитуваната госпоѓа Бендевска во смисла на нејзиното излагање за одржливоста и неодржливоста на предлогот од страна на нивната пратеничка група за покачување на стапката од 3 на 4,5 % за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Меѓутоа, пред тоа сакам да и упатам една сугестија дека во иднина би било пожелно ваквите говори кога ќе ги држи во Собранието, би било подобро да ги држи на прес конференција на СДСМ, бидејќи овде имаме тема на расправа Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единици на локална самоуправа, не беше тема, Владата на Република Македонија итн.

Во смисла на Предлогот на законот, почитувани пратеници, предлагачи од СДСМ и ЛДП, процесот на децентрализација во нашата држава почна со носењето на Законот за локална самоуправа и продолжи со носењето на пакетот на закони за децентрализација и оние закони кои што беа во тој пакет во рамките на финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Треба да знаете дека во тој пакет од околу 40-тина закони, има околу 20-на закони кои даваат надлежности на еднините на локалната самоуправа во рамките на финансирањето на самите единици на локална самоуправа и при тоа треба да знаете дека со тоа им се овозможува и тоа како добро финансирање на единиците на локалната самоуправа односно нивно функционирање во рамките на надлежностите што ги добија. Меѓутоа, исто така, треба да знаете дека капацитетот на локалната администрација односно одделенијата за прибирање на приходите на локалната администрација е многу мал. Она што вие како власт требаше да го направите преку проектот на УСД со пилот општините кои што требаше да ги обучите и да ги доведете до ниво на можност за собирање нас локалните приходи и за функционирање на единиците на локална самоупрва, не го направивте. За жал, ќе мора ние тоа сега да го правиме и го правиме, меѓутоа, исто така треба да знаете дека во рамките на единиците на локалната самоуправа во многу општини во Република Македонија треба да се работи на зголемување на капацитетот на локалната администрација во рамките на прибирањето на приходите. Владата на Република Македонија направи неколку чекори. Првиот чекор беше Законт за минерални суровини, кој што го донесовме пред една недела и кој што стапи во сила сега на 1 март, кој овозможува поголеми приходи во рамките на буџетите на единиците на локалната самоуправа и ќе продолжиме со исто такво работење во рамките на тоа да се зголеми капацитетот на собирање на приходит.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, вашата минута повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Почитуван колега, дозволете мала дигресија. Вие мошне несмасно се обидовте да ме советувате своите излагања да ги држам на пресконференции, иако сметам дека мошне несмасно се обидовте да извршите притисок врз мене како опозиционен пратеник што, верувајте, нема да ви успее. Од свои позиции ќе говорам секогаш кога мислам дека ги заштитувам интересите на граѓаните кои ме делегирале да ги застапувам во рамките на овој дом. Ќе ви одоговорам со документи, почитуван колега.

Во заедницата на единиците на локална самоуправа членуваат градоначалниците од 84 општини, без оглед од која политичка опција доаѓаат. Токму ЗЕЛС бара интервенција во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Најпрво, бараат да се зголеми зафаќањето, процентот од данокот од ДДВ и од персоналниот данок, само за да можат да ги извршуваат своите законски надлежности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Тале Герамитчиоски. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Со оглед на амбиентот на тотално незаинтересираност, навистина ќе се потрудам да бидам пократок и поексплицитен во искажувањето, па се надевам дека ќе предизвикам некој интерес.

Дебатата која што вчера започна по однос на нашиот Предлог, имам впечаток дека според искажувањата на пратениците од мнозинството кои се искажаа по однос на децентрализацијата, имам длабоко верување дека навистина не ја разбираат децентрализацијата како процес зошто започна, кои беа мотивите на Република Македонија да започне еден ваков комплексен сложен процес, кои се целите на децентрализацијата и кои се слабостите воочени во практицирањето започнато од 1 јули 2005 година. И, впрочем, како беше проектирано и како се одвива процесот на трансферирање на надлежностите до централно на локално ниво во фази. Да потсетам, децентрализацијата беше наметната од Рамковниот договор односно имплементирање во уставните измени. Уште повеќе, не треба да ја сфатиме како обврска, бидејќи оние кои имале прилика да се занимаваат поблиску со оваа проблематика, да слушаат излагање на странските експерти кои ги дефинираат основните бенефити кои што ги носи ваков процес, знаат дека е тоа во интерес за граѓаните и за самите граѓани за остварување на нивните права во рамките на локалната самоуправа во која што живеат.

Не би тргнал историски station наназад, да не западнам во замката на бесконечно верглање на нештата, кое што верувам дека му е познато на повеќето од вас, а и на граѓаните. Само би сакал да потсетам што всушност се случи со промените на Законот за локална самоуправа 2001-2002 година, а заговарани од 2000-та година во кои

што со неколку реченици на предлог на сугестии на меѓународната заедница, беа вметнати одредбите, зголемени надлежности во делот на образованието, здравството, културата, социјалната заштита и противпожарната заштита, иако овој петиот сегмет потценувачки се гледа, оние кои работеле во локалната самоуправа знаат колкав товар општините си натоварија на грбот од финансиски аспект со превземање на противпожатните служби во кои што има вработено најчесто повеќе луѓе отколку во самата администрација на локална самоуправа, но и заради материјално-техничките услови кои што постојано треба да иг имаат исполнето противпожарните служби бараат дополнителни средства. Некои од општините не поседуваат вакви служби, некои од општините имаат застарен технолошки парк и тоа бара финансиски средства.

Во делот на образованието со една единствена реченица пишуваше дека е доволно да се зголемат компетенциите и надлежностите на локална самоуправа во делот на образованието и толку. Од 2004 година наваму се превзедоа опсежни промени за основно, средно образование и ученички и студенски стандард во кои што се дефинираа новите надлежности односно трансферирање на надлежностите од централно на локално ниво. Тоа е добропознато и може да се прочита во законот, може да дебатираме за тоа, но да се вратиме за финансирањето. Бидејќи, големите обврски во делот на образованието, значи првата фаза на трансферирање на имотно правниот дел, значи правниот статус на училиштата се промени и сопственици станаа локалните самоуправи преку имотни листви и трансферирање на инфраструктурата. Првата фаза налагаше трансферирање на блок дотации за материјално техничко одржување на училиштата, а втората фаза која што требаше да почне од 1 јули 2007 година, налага трансферирање на надлежностите на локална самоуправа и кај кадровскиот дел, значи човековите ресурси односно наставниот и соработничкиот кадар во училиштата, со платите и надоместоците да преминат на локално ниво. И, тука е една од најголемите заблуди, кога се крена СОНГ, имаше штрајкови, беа информирани или дезинформирани наставниците и ништо страшно не е предвидено да се случи. значи, државата и натаму ќе ги финансира дејности на училиштата и човековите ресурси, платите и надоместоците ќе имаат иста висина, само што ќе се трансферираат преку локалната самоуправа, слично како блок дотациите за материјалното и техничкото работење.

Но, да се вратиме на првата фаза кај делот на материјално техничките блок дотации на училиштата. Формулата по која што се формирани тие не беше лесно и едноставно да се изведе. Имате различен степен на развој на локалите самоуправи на регионите, различни, како што кажа почитуваната колешка, беа предвидени слабостите околу различните избори на финансирање кај различни општитни со различен степен на развој. Заради тоа, барем во делот на образованието беа внесени корективни фактори. Беа внесени горна и долна граница на процетуален износ со кој што се формира блок дотацијата. Руралните средини добиваа нешто поголем износ во ранг од 100% имаше од 85% до 112% во таков ранг на долна и горна граница. Никој немаше илузии дека децентрализацијата ќе оди глатко, ќе оди мазно и дека нема да се јават проблеми. Никој немаше илузии и дека при формулирањето на моделот, според кои ќе се креираат блок дотациите што ќе се трансферираат за трошоците за тековно одржување на училиштата и второ трошоците за надоместок за патување на учениците кои живеат надвор во централното подрачје кое го опфаќа самото училиште. Слабостите, евидентно, излего на површина, поготово што имате случаи во кои што не можете однапред да ги предвидите тековните активности, светските активности.

Еден од главните проблеми на општините што се изроди во тој дел беше хроничниот недостиг на средства за подмирување на трошоците за течно и тврдо гориво за училиштето. Кога се фомрираа блок дотациите, спорд моделот кој што постои во други земји, се земаа историските трошоци во изминатите 10 години или со поблиски одредби средна вредност за претходните 5 буџетски години. Но, никој не можеше да предвиди дека цената на светската берза на нафтата ќе скокне за цели 100%. Од тие причини и при тековниот ребаланст во 2005 година, не успеаа да се покријат хроничните недостатоци кои се јавија за подмирување на трошоците за греење. Затоа, општините со право алармираат и затоа до 1 јули 2005 година се јави една огромна дупка во ставката на Министерството за образование и наука, која што ги опслужуваше материјалните трошоци во овој сегмент.

Според тоа, се враќаме на сегашноста. Блок дотациите, кои сега се трансформираат на локалните самоуправи за оваа намена, се недоволни. Алармиравме дури и со предлог амандмани при ребалансот на Буџетот за 2006 година и со носењето на тековниот Буџет за 2007 година дека овие средства ќе бидат недоволни. Беше кажано од Владата дека сега со новиот Буџет ќе бидат зголемени овие средства за цели 20% и јас тоа на матичната собраниска комисија го поздравив, но во пракса имаме потполно запирање на тековните финансиски активности. Од за мене не познати причини методологијата за распределба на блок дотациите на општини некаде при нејзиното имплементирање односно при создавањето на листата на средства кои што треба да се трансферираат на секој квартал лежи во владина процедура, а општините се гушат во долгови заради доспеаните обврски од страна на добавувачите на течни и тврди горива, кои што ги добиле со тендерска постапка. И, што ќе се случи? Владата ќе ја донесе уредбата додека не биде покренат целиот оној механизам на

трансферирање на средствата до општините, ќе помине уште извесен период можеби и 30-на дена, каматите си течат, бидејќи оној рок од 60 дена кој што секогаш го имаат општините после завршување на тендерот односно испораката на тврдите и течните горива е истечен и ќе почнат да течат камати.

Средствата кои што ќе ги добијат во голем дел ќе се намалат заради каматите кои што ќе приспеат од страна на добавувачите, заради ненавремено подмирување на долгот.

Да бидеме практични, ова не е политичко искажување. Практично ви ги кажувам проблемите кои што ќе се случат во самите општини. Значи, од тие причини, час побрзо Владата треба да пристапи кон носење на уредбата и брзо трансферирање на средствата. Она за кое што не се разбираме и кои што некои од пратениците и вчера, а еве и денес го кажаа во делот на прибирање на средствата, нашиот предлог е, направете математика, ќе видите, не носи драстично поголеми средства за општините. Напротив, после одлуката на Владата за намалување на ДДВ и персоналниот данок од доход на 12%, средствата како приходи на општините значително ќе се намалат. Значи, направете една компаративна анализа на 3%, кога ДДВ бил 15% и 4,5% што ние сега предлагаме на ДДВ од 12%, или 10% како што ќе падне во оваа година. Значи, ќе видите дека со нашиот предлог ние всушност овозможуваме општините повторно да преживеат и во сегашните услови на намален прилив. Она што го кажа колегата околу компетенциите, односно стручноста на општините со потенцијалот на административниот апарат е точно. Но страшно е, што со зголемените надлежности општините, односно голем дел на општините ништо не прават во изминатиот период. Еве и во наше време нека не работеле добро, но јас ве уверувам ни сега ништо не се подобрува во делот подигање на компетенциите на административниот апарат во одговарање на надлежностите. Еве даземеме во делот на образованието. Во наредната точка ќе имаме предлог на изменување на Уставот, во делот на воведување на задолжително средно образование. Знаете ли дека сегашните компетенции на локалните самоуправи какви се. Има широка лепеза, широк простор за работа од нивна страна, но ни 10% не се остваруваат од субјективни причини, но и од објективни причини, не дека не поседуваат соодветен административен апарат. Тие треба да прават постојани анализи на пазарот на трудот. Да дадат предлози до Министерството за образование и наука . Сега се даваат предлози бидејќи сега ќе треба да тече конкурсот за упис во средните училишта, во кои што ќе дадат општините предлог за нови профили на кадри во средните стручни училишта. Односно, треба да дадат бројка на ученици, односно потребни паралелки во постоечките образовни прифили. Ниедна општина го нема ни започнато тој процес на анализа, бидејќи ќе бидат неколку пати предупредувани од страна на Министерството, или стручните соработници дека треба да доставaт таков предлог. Тие за да си ја завршат таа обврска ќе го направат тоа рутински, ќе го препишат од минатите години. Не е тоа децентрализација, не е тоа прифаќање на надлежностите онака како што е децентрализацијата, како што е осмислена дека треба да се практикува. Општините навистина, треба да бидат промотор и главен двигател на современите развојни процеси на територијата на која што се лоцирани. И ако образованието е еден сегмент е тој основен двигател, во кој што тие треба да направат одреден линк помеѓу работодавците, значи, производството и образовниот процес во кој што ќе се создаде поинаков амбиент на обучување и тоа отсуствува. Јас се согласувам со колегата дека не постои соодветен административен апарат. Но што да направиме за тој да се зголеми. Еве јас знам конкретно дека општина Прилеп направила еден исчекор со новата систематизација предвидела 150 лица. Значи, од околу 30-40 извршители кои што се сега вработени во локалната самоуправа, сега со новата систематизација се 150. Малку, многу, тоа е дискутабилно. Јас не би сакал да навлегувам во таа дебата, но очигледно е дека треба да се направи некој исчекор напред во пополнување на административниот апарат со компетентни и стручни луѓе кои ќе одговорат на овие предизвици што ги нуди новиот Закон за локална самоуправа и сите други придружни закони кои што ќе ја тангираат. Но повторно се враќаме на финансирањето. Значи, општина Прилеп треба да прибере буџетски средства за да одговори на ваков предизвик. Изминатите години почитуваниот колега бил претседавач на Советот и јас сум бил претседавач на Советот, знам дека пред воведување на ДДВ општина Прилеп 40% до 45% го полнеше Буџетот. И бевме пресреќни ако тоа се случеше. И секогаш и другите општини чекаа завршеток на фискалната година и од вишокот на буџетските средства, кои што ги остварува град Скопје од Битола, Охрид и толку, сите други не го исполнуваат проектираниот буџет. Со одлука на Владата да се направи прераспределба на финансиските средства да се затворат оние финансиски дупки и дубиози кои што се јавиле со тековното работење во тековната година. Нешто фалеше. Фалеше еден механизам кој што требаше општината да го поседува да започне сама да прибира даноци. Со новата законска регулатива по 2005 година, односно со формалното започнување на процесот на децентрализацијата, овој механизам е обезбеден. Дали успешно, или неуспешно се изведува, јас верувам дека има случаи и вакви и такви и престрого е да судиме дали се објективни или субјективни околностите зошто тоа не се спроведува во целост, како што е дефинирано на хартија. Но дека фалат пари, фалат. Јас еве да одговорам, се надевам дека Никола Поповски, кој што е постручен во тој дел, бидејќи беше креатор

на тој дел, постоеше дебата кај нас, дали да биде издвојувањето 3% или 4%, 5%, 6%. Општините бараат 8% до 9% во првиот бран. Но знаете општините бараат некако во магла. Никогаш немаат припремено анализи, податоци што тоа значи и кога се наоѓате на другата страна во одговорностите на централната власт, се разбира дека како и сегашната Влада треба да ги штитите интересите на сите граѓани, односно да водите сметка за трошењето на средствата на граѓаните и од централно ниво. Или да се исполнуваат функциите на државата, за кои што се грижи централната власт. 3% беше првичната проценка на оптимално вреднување на средствата со кои што ќе се започне процесот на првата фаза. Ви напоменувам на првата фаза на делегирање на надлежностите.

Јас би апелирал до пратениците, кога ќе дискутираат да прочитаат законска регулатива, односно акти и подзаконски акти, што се однесуваат на оваа проблематика, ако сакаат да помогнат во процесот. Имено, во Законот за финансирање на локалните самоуправи добро стои дека ќе се оценува и проценува сега во оваа фискална година степенот на имплементација од страна на општините. Некои општини си ги исполнија обврските. Поголем дел на општините ги немаат исполнето обврските. Само околу 10% од општините имаа одговорено на досегашните предизвици кои што ги нуди Законот. Според тој Закон, значи Министерството за финансии може да и препорача на Владата да ја одложи втората фаза на делегирање, трансферирање на надлежностите на локалната самоуправа онаму каде што не успеале да одговорат на предизвиците што ги има дефинирано првата фаза. Значи, во тој дел Владата е исправена пред страшен предизвик. Дали ќе биде посурова и поригорозна према поголемиот дел на општините кои што не се снајдоа во процесот на децентрализација. Втората варијанта е ќе најде некоја помека солуција на директна или индиректна помош со трансферирање на средства , тука просторот е стеснет, не ќе може така едноставно тоа да го направи, затоа што блок дотациите, еве конкретно во делот се веќе формулирани во Буџетот.

Друга варијанта е со измена на Законот за локална самоуправа. И тука е тешко, бидејќи е системски закон, потребно е двотретинско мнозинство, Парламентот долго време работи во помал состав од проектираниот. Очигледно е дека има проблеми. Јас сум поширок во елаборирањето, но сфатете, дека овој наш предлог е добронамерен. Наше чедо е децентрализацијата. Ние сме го започнале тој процес и бевме свесни колку е болен и ги трпевме тие критики, плукања, дисквалификации. Самите доброволно се откажавме од голем дел надлежности во управувањето. Еве на пример, во делот на образованието ги трансфериравме. Со искрена намера дека навистина државата била лош домаќин во минатото. Со надеж дека општините ќе бидат подобар домаќин. Друго е кога општината води сметка за 5 средни училишта и десетина основни училишта, а друго е кога централната власт и во делот на капиталните инвестиции и во интервенција со инфраструктурата води сметка за 1015 објекти од основното образование, околу стотина објекти од средното образование, 25 ученички домови и т.н. Никогаш не ќе можете објективно да пристапувате. Секогаш ќе има објективни фактори кои ќе влечат на Исток, на Запад, на Север, на Југ локално, регионално, слабости вакви, слабости онакви. Значи, најискрени беа намерите. Децентрализацијата како процес е во страшна криза колеги. Ова е еден од обидите повторно да ставиме една инекција, со која што ќе овозможиме општините да одговорат на предизвикот. Јас знам дека во Буџетот ни е познато колкави средства значат за централниот буџет овие. Она што ме загрижува е искрено, зошто Владата сериозно ни го зема предвид овој предлог. Зошто не дава мислење. Зошто не дебатираме на тој начин. Зошто мислите дека е политика во прашање. Зошто не се дебатира ако Владата не одговори на овој предизвик сега, има две опции: или да го стопира процесот на децентрализација, бидејќи општините се наоѓаат во страшна евидентна криза. Или, подоцна да интервенира со други средства и повторно ќе потроши средства од Буџетот и повторно ќе се вртиме во круг. Што е поентата? Дека СДСМ предложи ваква мера, ваков закон? Тоа ли е проблемот? Тогаш ние имаме сериозен проблем во Македонија. Тогаш навистина не можеме да ги разграничиме стратешките определби на оваа држава. Политичката борба е едно, стратешките интереси, државните интереси околу кои што треба да се обединуваме и да бараме подобри решенија е друго. И ако постојано пристапуваме од тој аспект, а јас знам дека се пристапува за жал, тогаш ќе имаме сериозен проблем во иднина како држава. Тогаш, реформите ќе стојат декларативно само на хартија, а ќе тапкаме во место.

Пред да се дебатира, би сакал, апелирам до Владата, нека направи финансиска проценка, Министерството за финансии нека направи проценка што значи при намален процент на ДДВ и персонален данок на доход и со соодветна анализа, поткрепена и од локалните самоуправи колку го исполнувале Буџетот во минатата година, нека даде проценка и оценка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Александар Николовски. Повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Ова е повеќе конструктивна дискусија на она што го зборуваше колегата. Ние навистина имаме реален проблем кој што треба да го разгледаме, а тоа е започнувањето и реализацијата на втората фаза на процесот на децентализација, кој што за жал, започнува со проблеми и двете комисии кои што работат на ова прашање, Комисијата на Министерството на локалната

самоуправа и Комисијата на Министерството за финансии, навистина, сериозно треба да упатат на тоа како ќе се одвива процесот и кои општини се спремни да започнат со втората фаза.

Она што би сакал да го кажам е дека предлогот кој што го поднесоа колегите е навистина сериозен и навистина, сериозно треба да се разгледа. Но има два момента со кои што би сакал да спорам.

Првиот момент е, заради тоа што ние немаме никаква анализа тука со промена на ставката во зафаќањето од ДДВ, каква ќе биде импликацијата на Буџетот, односно колку средства дополнително ќе се одлеат и што ќе значи тоа за државните функции, заради тоа што пари никогаш доста, но мораме да ја имаме јасната слика пред нас прво.

Вториот проблем е дали ние со ова систематски го решаваме проблемот, заради тоа што е факт дека ние влеговме во процесот на децентрализација прво не спремни, и второ, политикански. Кога се случуваше процесот на децентрализација фокусот отиде на територијалната реорганизација на државата, што апсолутно, беше многу значајно и многу приоритетно во тој период, но, мислам дека голем дел од овие закони тогаш поминаа без сериозна анализа и сега ги гледаме проблемите.

Така што, она на што би сакал да сугерирам и да предложам е како пратеници заедно и од власта и од опозицијата да побараме од Владата да добиеме сериозни анализи за тоа до каде е процесот на децентрализација, кои се насоките по кои треба да се движи. Да направат анализи за тоа како општините реално функционираат во моментот. Сето тоа да го добиеме како една владина анализа и врз основа на тоа да видиме каде системски можеме да го решаваме проблемот. Би сакал накратко, со оглед на краткото време да се осврнам на две-три прашања.

Првото е во однос на образованието. Да, имаме сериозен проблем со финансирањето. Се реши проблемот. 28,4% беа зголемени дотациите со ребалансот на Буџетот од минатата година. Во руралните средини тоа отиде некаде од 36 до 40%. Но тоа беше парцијално решавање на проблемот. Треба да размислиме за константно решавање на проблемот. Она што е основно е дека голем дел од надлежностите беа пренесени на локалната самоуправа, но исто така и долговите беа пренесени, кои што сега ни дојдоа како бумеранг бидејќи моравме да ги решаваме со ребалансот на Буџетот.

Третата работа за која што би сакал да зборувам е капацитетот. Јас се согласувам со колегата Герамитчиоски дека ние имаме основен проблем со капацитетот на општините. Имаме административци, односно луѓе кои што не зборуваат странски јазици, кои што не знаат да работат на компјутер, кои што не знаат да ги искористат фондовите кои што им се на располагање, кои што немаат компјутер на своето биро. Тоа е многу позначајно од тоа да добијат пари, заради тоа што може да се случи да добијат пари, а да не знаат да ги искористат. Благодарам и се извинувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитуван колега, проблемот е во комуникацијата. Анализи постојат. Бидејќи овие луѓе тука ги правеа тие анализи пред да се започне процесот на децентрализацијата, сега се променети бројките, процентите. Во тие анализи едноставно е да се вметнат на постоечката методологија и ќе се добијат вредностите, оние што ги добивме ние. Но прашање е на комуникација. Го побарал ли тоа некој од нас. Се консулирал ли некој со нас за тоа.

Тоа е проблем, тоа е политички дијалог, а не кулуарски млатење празна слама. Тоа е дијалогот, тоа е континуитетот, тоа е зборувањето за стратешките определби на Република Македонија, воспоставување на дијалог и континуитет.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Оливер Деркоски.

**Оливер Деркоски:** Благодарам господине претседателе,

Можам да кажам дека господинот Герамитчиоски имаше навистина конструктивна дискусија и се сложувам со голем дел од неговите наводи во дискусијата. Меѓутоа, сепак сакам да искажам зошто сметам дека е премногу рано за да се разговара за овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Затоа што како што и во претходната реплика напоменав дека премногу е мал периодот, премногу е мал, затоа што се доцнеше со имплементација на законските одредби од овој и од другите закони и премногу е мал периодот за да се оцени нависитина капацитетот и спремноста на локалните самоуправи за самостојно да се финансираат. И доколку ние би го усвоиле овој Предлог на закон, само ќе доведеме до ситуација да ги навикнеме општините, локалните самоуправи секогаш кога ќе им загусти да бараат помош од Централната власт. Тоа се случува и сега на некој начин и во претходниот период, бидејќи секогаш кога не ќе можеа да ги решат проблемите со сопствените капацитети, се обраќаа до Централната власт. Ако сакаме вистинска децентрализација ќе мора да ги научиме локалните самоуправи да го изградат капацитето на сопствената администрација онака како што налагаат европските норми и да можат самостојно да ги извршуваат своите надлежности.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Со прашање кое што знам дека не може да ми се одговори и констатација.

Кова Владата го намалуваше процентот од 15% на 12% за ДДВ и персоналниот данок, направи ли калкулација што ќе се случи при финансирање на локалните самоуправи? Ние тоа не го видовме, бидејќи процентот 3% од издвојување на 15% е едно, а 3% од издвојување на 12% при намалување на ДДВ, е друго. Значи, дали е прерано или предоцна, ние свесно сега од 1 јануари ги внесовме во финансиска дупка, во финансиска дубиоза. Ние тоа не го видовме, Владата нас не ни даде финансиски анализи што ќе се случи.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи господинот Никола Поповски не е присутен, на ред за збор е господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Значи, во врска со поднесениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, иако Деловнички не е обврска Владата да има свој претставник овде во Собранието по повод расправата, сепак мислам дека ваквиот однос на Владата го покажува интересот на Владата за оваа проблематика, односно незаинтересираноста на Владата и не давањето на значење на овој проблем. Значи, пратениците на опозицијата немаат друг механизам, немаат Влада, немаат свое мнозинство во Собранието како да влијаат на подобрување на состојбите, конкретно за оваа област, значи поднесоа закон согласно Деловникот. И по правило по Деловник кога е Владата предлагач треба да има овде преставник. Меѓутоа, сепак јас мислам дека ако една Влада е, или еден министер е сериозен и одговорен, сепак ако ништо друго би придонел да се вклучи, на тоа има право, нема обврска по Деловникот, меѓутоа добро е заради јавноста да се вклучи и да помогне во расправата. Можеби ние пратениците кои сме го предложиле законот немаме во предвид некои аргументи, или некои политики на Владата, со што би не разубедила Владата. Вака ја водиме расправата пратениците од владеачкото мнозинство нормално ги штитат интересите и политиките на Владата без изворно извршната власт да ни објасни што има намера да преземе по повод овој проблем. Значи, имало проблем штом пратениците од опозицијата се решиле да излезат пред Собранието со закон. И како илустрација на целава оваа ситуација, пред малку пратеничката Весна Бендевска добро го објасни тоа, кажа дека Владата за работи за кои не треба да се плетка, за Деловникот Собраниски за што нема ингеренции, не смее да се меша во работата на Собранието, најде за сходно да достави писмено мислење и да ни кажува што треба да правиме со Деловникот, а за овој закон кој е поднесен на 30 ноември, 4 месеци и повеќе не најде за сходно да даде свое мислење па да можеме не само со пратениците од мнозинството, туку и со пратениците, со ставот на Владата да полемизираме. Инаку, што е клучното што треба да се објасни надвор од тие бројки, проекции, даноци, проценти итн, кои ја збунуваат јавноста. Што е суштината на она што го предлага опозицијата со овој закон? Значи, процентот од 3% да се зголеми на 4,5%, тоа е зафаќањето од данокот на ДДВ кој треба да оди во функција на развојот на локалната самоурпава за потребите на општините. Сега проблемот е што опозицијата бара, предлага власта, владеачкото мнозинство тоа не го прифаќа. Значи, политичко е прашањето затоа што не ни понудија досега некои други егзактни аргументи зошто власта не се согласува за вакво нешто да даде повеќе пари од даноците, од ДДВ за потребите и за развојот на локалната самоуправа. Мислам дека Владата едноставно не сака да си скрати од своите задоволства и од своите привилегии самата таа располага и управува со државниот буџет, односно со парите на даночните обврзници. Имено,ако концептот на локалната самоуправа беше доближување на власта, односно трансферирање на надлежностите од централната на локалната власт, тогаш Владата со ваквото одбивање на овој предлог не се однесува согласно тој принцип. Значи, од една страна Владата и ВМРО-ДПМНЕ како владеачка партија вели во јавноста дека ќе се залага за унапредување на локалната самоуправа, ингеренциите, условите итн, а од друга страна во практиката применува непопуларни мерки, односно рестриктивни мерки кон локалната власт. Дали можеби централната власт гледа конкуренција во локалната власт. Мислам дека и тоа не би требало да биде проблем, или аргумент затоа што ВМРО-ДПМНЕ има можеби близу половина од градоначалниците, или ја има половина власта во советите во локалните самоуправи во Република Македонија. Така што нема што Централната власт на некој начин да биде, условно љубоморна на локалната власт, затоа што прво, и таму живеат граѓани за кои локалната власт треба да се грижи подеднакво без разлика за кого гласале тие граѓани.

Второ, затоа што има и сопствен интерес Централната власт, бидејќи владеачката партија има и сопствени советници и градоначалници во тие локални самоуправи на кои треба да им овозможи услови да работат и да си ги остваруваат своите програми. Затоа што на крајот на краиштата мотото, логото на ВМРО-ДПМНЕ на последните локални избори за нивните градоначалници беше: резултати сега. Како ќе ги остварат тие резултати сега, ако вака рестриктивно се однесува Централната власт.Мислам дека тука треба да се направи уште една дополнителна политичка анализа на однесувањето на ВМРО-ДПМНЕ, односно на нејзините аршини и политики во зависност од тоа дали е на власт, или е во опозиција.

Прво, ВМРО-ДПМНЕ беше против новата територијална организација, на некој начин и против децентрализацијата, затоа што основен аргумент тогаш кога се носеа тие закони беше дека треба да остане бројот на општините ист.

Значи, едното е поврзано со другото, со суштината на пренесувањето на изворните надлежности од Централната на локалната власт, ако би останал бројот на општините ист 123, сигурно дека нема да може и суштинската децентрализација во надлежностите да се примени и да се спроведе. Значи, во старт политички кога ВМРО-ДПМНЕ беше опозиција, кога се носеа овие закони беше против децентрализацијата. Сега испаѓа, на последните избори во Програмата ветува дека ќе се ангажира, или ќе се грижи за унапредување на локалната самоуправа итн. Меѓутоа, во праксата кога ги доби изборите се однесува ВМРО-ДПМНЕ сосема спротивно. Значи, тоа е едната споредба, или едната анализа. Меѓутоа, од друга стран може да се направи и една друга компарација, или да се извлече една друга теза. Дури испаѓа дека другата крајност е  испаѓа дека ВМРО-ДПМНЕ и воопшто и нема дисконтинуитет во однесувањето. Затоа што од друга страна и тогаш и сега на некој начин или е против популистички како опозиција, а сега како власт и во суштина ги кочи процесите на развојот на локалната самоуправа. Тогаш беше против намалувањето на бројот на општините и против зголемувањето на нивните надлежности, а сега кога веќе се случи тоа кога ги има механизмите и полугите на власта, практично со финансиите го кочи работењето и развојот, остварувањето на вистинската намена на локалната самоуправа т.е. доближување до потребите на граѓаните. Тоа е смислата на локалната самоуправа. Значи, подобро да се собира ѓубрето, да имаат подобри комунални и инфраструктурни и урбанистички услови за живеење, да имаат подобри училишта, да имаат подобра водоводна мрежа, да имаат подобро осветлување, тоа е суштината, тоа е секојдневниот живот што треба да им се овозможи со зголемување на оваа ставка, на овој процент кој треба да го одвои централната власт и да го намени за развојот на локалната самоуправа и на општините. Мислам дека не треба на ваков начин власта да се однесува и да биде самозадоволна од сопственото располагање со државниот буџет и со државните пари. Сепак, Македонија не е само Скопје. Значи, власта треба да мисли и на оние понеразвиени делови од Република Македонија и понеразвиени општини и да овозможи услови за рамномерен развој. Владата го прави сега токму спротивното. Мислам дека иако кажаа, гледам во репликите некои пратеници од владеачкото мнозинство дека се согласуваат со некои од аргументите на опозиционите пратеници. Мислам тоа не е доволно. Крајниот резултат ќе се види во однос на исходот од гласањето по овој закон. Ако навистина го мислите тоа, јас знам дека треба да бидете  послушни на Владата да го гласате она што е став на Владата. Меѓутоа, тоа е лоша политика и лошо е за граѓаните кои живеат во овие општини, затоа што граѓаните кога ги бираа пратениците од цела Македонија не ги избраа за да дојдат и да живеат во Скопје, туку ги избраа кога ќе отидат во нивните општини и градови да кажат дека нешто придонеле и за тој регион таму и за нивната изборна единица и за нивниот град, или населено место. Затоа што во други ситуации како пратеници сите вие, или сите ние, се повикувате  кога дискутирате по некој закон, или некоја проблематика дека тоа е добро за местото, или за регионот од каде што доаѓате. Зошто сега тој аргумент не го употребите, зошто имате различни аршини, затоа што не смеете, или не можете да мислите поинаку од Владата и да поддржите едно вакво решение. Мислам дека Владата или е скржава, или е алчна за пари, затоа што не сака да даде пари на општините. Мислам дека можеби и двете работи заедно и скржава и алчна. Аргументите на Владата дека овој проблем треба да се решава на поинаков, "на некој друг системски начин" апсолутно не држат. Така се однесуваше Владата и владеачките пратеници слично и за проблемот и за законот за решавањето на проблемот со стечајните работници. Не вика: не, туку вика дека тоа ќе се реши во иднина. Меѓутоа, Владата иако ги има механизмите, не нуди решенија, а никој не ја спречува во тоа. Што значи дека Владата како за тој случај, така и за овој, дозволете да се посомневам дека манипулира со одредени политички интереси и политики кои  одат на штета на развојот на локалната самоуправа. Дотолку повеќе што ваквиот став на Владата е и во спротивност со ставот и барањата и заложбите на ЗЕЛС каде што и градоначалници од владеачкото мнозинство мислат поинаку од Владата.Значи, има некој проблем. Владата не може да има игнорантска и комотна позиција кога и нејзините градоначалници ги делат дел од овие заложби на опозицијата. Значи, проблемот постои и Владата мора да најде начин и да има посоодветен пристап за негово решавање. Мислам дека ако навистина сака Владата да ги штити интересите на граѓаните, тогаш мора да го одврзе кесето. Не може само со декларативни заложби да кажува дека ќе се направи ова, дека ќе се реализира некој проект и дека ќе се подобри нешто друго. Значи, тоа се само ветувања за идно несвршено време што нивниот кредит полека, но сигурно со текот на времето се троши, бидејќи сега нема резултати, ниту пак има нешто конкретно реализирано од Програмата во 100 чекори. Мислам дека лицемерно е кога Владата не може да најде пари за локалната самоурпава, кога не може да најде пари за стечајците, а може да најде пари за реклами од типот на "Добра ти е фризурата". Мислам дека ако толку Владата  е рационална, штедлива, економична како што се прикажува, нема да троши толкави пари на непродуктивно рекламирање за свои политички цели, туку парите ќе ги искористи наменски за она што живот значи за граѓаните, а живот значи за граѓаните во општините да имаат асфалтирани улици, да имаат тротоари, водовод, осветлување, градинки и училишта, да се  извршуваат подобро комуналните услуги итн. Меѓутоа, за сите овие пропусти, грешки на Владата, за сите овие промашени инвестиции и за начинот на

трошењето на парите допрва ревизорските извештаи ќе го покажат тоа, па да видиме како ќе дискутираме на пример наредната година за оваа година дали Владата на пример паметно, рационално, или економично ги користела буџетските пари. Значи, од сите погоре наведени аргументи, ние сметаме дека треба да се поддршка на овој закон, затоа што секако мора Владата да води сметка не само за централните функции на власта, туку и за подинамичен и порамномерен локален развој на локалната самоуправа и потребите на граѓаните кои живеат таму.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика, прво се јави госпоѓа пратеник Авировиќ Владанка, а потоа господинот пратеник Ѓорчев.

Повелете госпоѓо Авировиќ, вашите три минути/.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Би сакала да реплицирам во делот на излагањето на колегата, каде што се задржа на тоа дека не сакаме или мнозинството или ВМРО-ДПМНЕ, не разбрав точно кој, дека не сакаме децентрализација, што во принцип е неточна работа. Секој се бори против лошата децентрализација и тоа е основниот факт што недостасува во процесот на децентрализацијата кој недостасуваше уште во почетокот. Целокупната интелектуална и професорка фела во тоа време кажа дека се врши лоша поделба територијална, бидејќи не соодветствуваат изворите на средства со кои ќе се финансираат општините. Уште од почетокот се знаеше дека фискалната децентрализација не ќе може соодветно да ја прати децентрализацијата.

Дали оваа Влада е скржава, алчна, тоа е ваше мислење, колега, меѓутоа, јас сметам и понатаму дека нешто треба да се менува во моделот на редистрибуција на средствата. Значи, уште од почетокот фаличен е моделот на редистрибуција на даноците. И, тоа е основниот проблем каде што вие промашивте во минатото. Вие, исто така, промашивте и во блок дотациите, бидејќи ги намаливте и ако тога се сеќавате изјавивте дека во минатото вие повеќе сте давале на школите и на средните училишта и затоа ги скративте средствата, иако се знаеше уште од почетокот дека тие средства нема да бидат доволни. Тогаш, дали се штедеше, дали таа Влада беше скржава или беше алчна, вие треба да одговорите. Меѓутоа и тогаш се знаеше дека со еден модел каде што се зафаќа некој просек од минати 10 години, навистина ќе беше, а и се покажа дека училиштата имаат недоволно средства. Затоа, во сегашниот буџет се предвидува покривање на недостатокот на средства. Редно е да признаеме дека моделот на оваа децентрализација уште како треба да го корегираме. Мислам дека со ова вие што го предлагате од 3 на 4,5% повторно ќе се судриме со истиот проблем и не е доволно, ниту пак може во целост да се одговори на барањата на општините. Значи, како модел е промашен на редистрибуција на даноците. Во тоа е целокупниот проблем. Исто така, е проблем во прибирање на даноците и несоодветното снаоѓање на општините во тој процес, каде што секоја општина треба самата што повеќе да се грижи за зафаќање на тие даноци и прибирање на тие даноци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господин Борис Кондарко.

Вашата една минута, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Колешке Авировиќ, сето тоа е во ред што го говорите. Имате право, сите имаме право и поинаку да мислиме и да не се согласиме. Меѓутоа, факт е едно, ако опстојувате на вашите политички ставови од тогаш како опозиција кога се носеше новата територијална организација, сега сте во позиција и на власт, што значи ги имате правото, механизмите, мнозинството, ги имате сите услови да ја промените ако имате подобар модел. Слободно направете го тоа, ние ќе ве поддржиме.

Втора работа, околу даночната политика, ако мислите дека е несоодветен моделот, како што рековте, за редистрибуција на даноците, истото направете го. Имате премиер, економист, експерт, имате добар министер за финансии, предложете закон и дадете подобро решение. Ние сега овој закон го нудиме затоа што нема подобро решние понудено од страна на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господин Владимир Ѓорчев, повелете вашите три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе,

Јас само би коментирал некои аспекти кои што беа од излагањето на колегата Кондарко. Значи, во делот на тоа кој бил, кој не бил и кој ја поддржувал и кој не ја поддржувал децентрализацијата.

Децентрализацијата има своја историја во Република Македонија. Ја знаеме онаа децентрализација од 1996 година која што беше промовирана и усвоена од тогашниот СДСМ, за која што се испостави дека е несоодветна и дека Македонија децентрализацијата и општините неколку години ќе бидат во лер. Иако, имаше некои позитивни аспекти, но имаше и голем број на недостатоци.

Следниот круг, условно кажано, на децентрализацијата во целата таа приказна беше подготовката на Законот за децентрализација од страна на Владата во текот на 2000-та година. Мислам дека се сеќавате во 2000-та година во ноември и во декември и во јануари 2001 година имаше во Собранието на Република Македонија пуштени пакет на закони за децентрализација, подготвени од тоганиот, јас би рекол, мошне успешен министер за локална самоуправа Џемаил Саити. После тоа дојде кризата во 2001 година и не можеше да се продолжи со тогашниот процес. Но, уште еднаш ќе кажам пакетот на закони за децентрализација беше пдготвен уште во зимата 2000-та година и пуштени во собраниска процедура.

Кога зборуваме за она што се случуваше во децентрализацијата во текот на 2004 година, мислам дека не е кореткно дека ВМРО-ДПМНЕ била против децентрализацијата. Напротив, мислам дека со конструктивните разговори и со решенијата кои што ги донесувавме, имавме ситуација каде што и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ и ДПА заеднички ги гласаа пакетот на закони за децентрализација околу 40-тина на број, ако не се лажам. Она околу што не се согласивме беше Законот за административно територијално општинска поделба на Република Македонија. Значи, ние не се согласивме со границите на општините и посочивме десетици и десетици случаи каде што тоа не е напрвено коректно и како што треба, согласно и локалните референдуми кои што ги имавме низ цела Македонија и каде што околу 30-тина општини одржаа референдуми.

Ние, апсолутно го поддржавме заедно со СДСМ, заедно со другите партии, со ДУИ, со ЛДП, со ЛП, пакетот на закони на денцентрализација и заедно ги гласавме тие закони.

Мислам дека она Што го изнесовте, треба делумно и да го корегирате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господин Борис Кондарко.

Повелете, вашата една минута.

**Борис Кондарко:** Репликата на колегата Ѓорчев беше коректна и немам забелешки во однос на аргументите што од негова страна ги претставува, меѓутоа, сепак има еден голем недостаток, празнина односно контрадикција во неговото говорење. Тоа е следното.

Самиот констатира, што и јас го потврдувам, дека децентрализацијата од 1996 година била несоодветна со недостатоци. Сега ве цитирав, тоа е точно и затоа се направи новата децентрализација со новата територијална организација. Меѓутоа, парадоксалното е и што и покрај таа констатација на ВМРО-ДПМНЕ и во 2004 година ВМРО-ДПМНЕ се залагаше за да остане истиот број на општини како и во 1996 година.

Сега, каде е тука вистината и кога ВМРО-ДПМНЕ имал искрен став, нека просуди јавноста.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Со оглед на времето, давам пауза од еден час за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Веле Митановски, повелете.

**Веле Митановски:** Бблагодарам почитуван потпретседателе,

Добро е што збор добивам по ручекот, инаку можеби ќе им го расипев ручекот на некои другари и другарки, особено е добро што добив збор веднаш после другарот Кондарко и пред другарот Ивановски што ќе биде интересно. Едноставно и народно и забавно, како во хотел “Чинго” во Охрид на пример. Не се тука, но сум сигурен дека ќе дојдат.

Почитувани колеги, два дена расправаме за многу суштествено прашање. Расправата исфрли различитост во погледите за едно прашање по кое би требало да имаме апсолутно единство. Но, нека биде тоа дел од нашето демократско зреење како нација, како општество, како граѓани, суибјекти во нашето демократско општество.

Ќе ми дозволите најнапред да кажам кои се точките што сите не спојуваат, а потоа за точките што сепак не разликуваат, не раздвојуваат, или барем ни оставаат некои дилеми.

Значи, единствени сме во тоа дека децентрализација е доближување до потребите и интересите на граѓаните. На овој аспект, особено, треба да внимаваме ние пратениците. Експерите од Советот на Европа често ја нагласуваат потребата од транспарентност во усвојувањето на лажни законски проекти. Затоа, тие со право очекуваат и инсистираат од пратениците во македонскиот Парламент, при носењето на законите, па и оние за децентрализација да го земат во вид јавно искажаното мисење на сите граѓани во земјата, без разлика на нивната политичка, етничка или било каква друга определеност, односно без оглед на нивните социјални, културолошки или какви било други специфики.

Понатаму, дека децентрализацијата е новата препознатливост на европската архитектура.

Професор доктор Гордана Сиљановска-Дафкова нај дирекно ги поврзува развојот на демократијата и локалната самоуправа. Нема демократија без развој на локалната самоуправа, нема модерна Европа без децентрализацијата на власта, напоменува овој експерт за локална самоурпава.

Понатаму, дека нашата смелост, одлучност и единство во децентрализацијата се и поради спроведувањето на Охридскиот Рамковен договор. Нашиот пат кон Европската унија, повеќе пати е кажано дека оди преку Охрид. Мене ми е јасно дека најкраткиот пат за надминување на недоразбирањата, односно одржување на меѓунационалната рамнотежа води преку Охрид. Но овде ќе додадам и не само поради Охридскиот рамковен договор, туку и поради цивилизацискиот придонес на Охрид кон Европската и светската историја и актуелност.

Натаму дека сега дури и во контекст на Предлог законот, нема територијална и секаква суштинска децентрализација без фискална децентрализација, без услови за економска одржливост на општините, бес суштинско пренесување на ресурсите од централно на локално ниво. Значи, без изворно финансирање.

Друго е прашањето што локалните самоуправи заборавија на начелото колку пари толку музика,

па се затрчаа во прифаќањето на обврски што реално не можат сега да ги сервисираат.

Натаму, дека на сите демократи им е јасно дека без локална самоуправа нема демократија. На сите скопјани кон кои стремиме им е јасно дека без децентрализација нема модерна Европа. Од 70-тите години наваму, започна бранот на децентрализација, што ќе ми дозволите да го наречам локална ренесанса, која колминираше со донесувањето на Повелбата за локална самоуправа во 1985 година, како магна карта на локалната демократија. Веќе спомнав од каде и од кого сум ја позајмил оваа формулација.

Професор Сиљановска на локалната самоуправа гледа, да додадам, уште како на противтежа на централната власт. Таа ги фали властите што се определија да ја преиспитаат територијалната рамка, дури и во функција на имплементација на Охридскиот рамковен договор.

До усвојувањето на Законот за локална самоуправа странските експерти ја оценуваат Република Македонија како една од најцентрализираните земји во Европа. Тие посочуваат дека патот во Европа води преку целосна примена на Рамковниот договор и создавањето на силна локална демократија или она што предмалку ви го спомнав како пат преку Охрид. Уште неколку параметри, односно точки, по кои не се разликуваме како позиција и опозиција, затоа што потребите нис е заеднички. Тоа се усогласувањето со Уставот и законите на Република Македонија, односно со клучните правни рамки што Македонија ги прифати пред Меѓународната заедница. Во транспарентноста на постапката, веќе реков во создавањето на услови за задоволување на потребите на граѓаните, оспособување на општината за излез на глобалниот економски пазар, вградување на нашите традиции, култура, нашето наследство и сите досегашни наши позитивни искуства. Вклучувањето на ЗЕЛС во целокупната постапка што беше веќе зборувано. Вградување на искствата и резултатите од повеќегодишната вклученост на експертите од ФАРЕ Програмата. Почитување на странските искуства и предлози, иако никогаш не можеме да научиме повеќе од туѓото, отколку од своето искуство. До овде почитувани колеги, ние не се разликуваме. Но, зошто сепак не можам да го подржам вашиот предлог. Затоа што не предлагате редовна постапка и повеќе фази. Вчера повеќе Лалчевска ви зборуваше за тоа, а што е уште една потврда за мојата, односно за коегзикстентноста на Нова социјал демократска партија. Затоа што за суштински промени во децентрализацијата треба суштински промени во свеста на оние што ја спроведуваа, сега говорам на локално ниво. Затоа што имате и имаме градоначалници, бизнисмени, градоначалници профитери кај кои е невозможно да се подвлече линија меѓу личното и заедничкото, т.е., општественото. Затоа што, на колешката Цветанка и е лесно да притисне на копчето, затоа што една таква нова алатка, што се вика повеќе средства ја дава во рацете на еден Заев. И јас тоа би го направил, но јас живеам во Охрид и знам дека една таква алатка ќе ја ставам во невешти, или можеби, во премногу вешти раце, но не вешти од аспект на интересите на граѓаните, туку од интерес на сопствениот џеб. Затоа често поради Илија бегаме и од Свети Илија, како што еден господин Илија избега и од нашето друштво и од друштвото на Цветанка, на Кондарко, на Ивановски и на другите другари и другарки.

Бидејки го спомнав другарот Кондарко, сега ќе го потсетам на една ситуација од пред речиси, три години кога тој наредбите на Илија ги спроведуваше во Охрид, колку да знае дека не изигрувам генерал после изгубена битка, туку дека уште пред три години на компетентно место укажав дека другарот Кондарко турка човек да спроведува фискална децентрализација, кому реално местото му е во некои други институции.

Уште тогаш го прашав другарот Кондарко која ќе биде цената на градот. Уште тогаш му кажав дека од главата на тој човек и на минус 20 ќе протекува путер. Што илустрира најновиот конечен Извештај на Државниот ревизор, за да ги потсетам другарите и другарките дека сум во контекст на темата.

Ќе ви соопштам само некои сегменти и ќе ве упатам да го прочитате целосно на сајтот на Државниот ревизор. Ќе прочитате детали за рубриките верувале или не, за еден човечки раскошен демократски капацитет, говори и овој факт. Со моите дискусии овде во Парламентот полимизира преку писма до лидерот на мојата партија. Ете затоа сум сомничав другари и другарки. Но еве уште некои детали од ревизорскиот Извештај. Само затоа што другарот Кондарко пред малку дискусијата ја зврши вака: Ќе ве видиме кога ќе дојдат извештаите од Државниот ревизор. Епа да ве видиме и да не видите. Пренсувам од Извештајот. Ненаменско трошење на наменски дотацииво локалната самоуправа во Охрид. Неправилности во набавката на нафтени деривати во училиштата, службени патувања во странство со пречекорени исзносии без одлуки на Советот на општината нема транспарентнсот и очетност во трошењето на финансиските средства од страна на градоначалникот. Високи трошоци за плаќање во готово без фискални сметки. Нереално искажување на материјални средства и нивни извори, плаќани фактури без сметководствена евиденција, без книга на влезни фактури, извршени промени во расходни сметки без одлука на Советот на општината, незаконско затворање на сесии и асигнации, високи трошоци за прослави и фестивали без мерка и без одлука на Советот на општината. Неправилности при субвенција на јавни претпријатија, зголемени вредности при набавка на основни средства, компјутерска опрема и слично. Дури 46 мобилки со нелимитирани износи за советници и советнички и слични ички, незаконска исплата на личен доход, нето плата и придонеси за градоначалникот. И при сите овие ставки и

нерпавилности, станува збор за износ во стотици илјади денари. Сите заедно милијони и милијони. И сето ова почитувани без дел од урбанизмот, градежните дозволи, разните Дупови и Гупови кои се предмет на посебен извештај. Урабниот октопод на кој главата му е во локалната самоуправа, а пипалата кај градежните профитери е закон во Охрид. Му кажа деновиве еден од нив на мојот колега Симон Илиевски од Утрински весник. Жалам од ова место што македонскиот еснав, мислам Здружението на новинари го остави проблемот само на новинарите во Охрид. Затоа да заклучам. Во овој момент не можам и покрај оправданоста да ставам рака на копчето, свесен дека повторувам, поради Илија се сомневам и во Свети Илија.

Ви благодарам другарки и другари, дами и господа.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митановски.

Госпоѓо Иванова дали се пријавивте за реплика? (За реплика)

Тогаш прв е Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе,

Колку што добро набележав и разбрав колегата нема да гласа за Предлогот на законот, бидејки ние не предлагаме соодветна постапка или механизам со кој што тоа ќе се одвива во фази.

Мислам дека не билприсутен кога зборував. Ситуацијата е толку алармантна што налага итна интервенција, за да можат општините да влезат во рамноправна положба при реализацијата на законските обврски од финансиски аспект.

Ние Предлогот на законот го дадовме за да ги спасиме од можниот финансиски колапс кој што ќе се случи со намалување на ДДВ од 15 на 12% при ист процент на зафаќање од 3%.

Понатаму, пројави силни сомнежи во компетентноста на градоначалникот на Охрид. Тоа е негово право. Верувам дека има сопствено искуство или некои сопствени размислувања, но доколку постои такво нешто, јас да го потсетам колегата дека во Законот псотојат соодветни контролни механизми кои штоја контролираат работата на градоначалникот од финансиски аспект. Има и внатрешна ревизија. Тој Закон го изгласавме пред неколку дена, во кој што внатрешните ревизори стануваат државни службеници. Има можност за надворешна ревизија, ангажман на Републичкиот државен завод за ревизија. Има во крајна линија ангажман од страна на Управата за приходи и најмногу, најповикани, најкомпетентни е Советот на општината, кој што треба да биде контролен механизам на градоначалникот и да ја сподели одговорноста за работењето во општината. Сега јас да го потсетам колегата за нашта заложба. Секој што се огрешил према законот нека си одговара, но согласно со законските прописи и стандарди без некои силни спектакли кои што изминатите месеци имавме прилика да ги видиме. А што има со Предлог законот што тој кажуваше дека нема да биде гласан, заради неговите лични впечатоци од Охрид, мислам дека не е фер према сите граѓани во другите општини да бидат казнети на овој начин со самиот амбиент во кој што општините нема да одговорат на нивните потреби.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митановски.

Контра реплика од една минута има пратеникот Веле Митановски, повелете.

**Веле Митановски:** Значи Охрид го зедов како пример. Илустрација ми е конечниот Извештај на Државниот ревизор. Инаку зборував за општи состојби и за други градоначалници, кои што се бизнисмени, сакаш земи го Охрид, сакаш земи го Скопје, сакаш земи го Ресен и да не набројувам натаму. Зборувам Тале за Советот на општината како контролен механизам. Јас всушност, кажував примери како Советот не е третиран. Како е работено без Советот, без одлуки на Советот и т.н. Тука нема никаква итност. Оправдување со итност не може да кажам. Таква алатка не смее да се стави на располагање во такви разе. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митановски.

Госпоѓо Ивано реплика од три минути, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе,

Ме повика во својот говор колегата Веле Митановски. Јас јавно му благодарам штоја кажа вистината и јавно ја призна и ја потврди способноста на нашиот градоначалник Зоран Заев. Точно дек амене навистина ми е лесно да го притиснам копчето, зашто знам дека барам пари, барам средства од Буџетот на Република Македонија во корист на општините и знам дека нашиот градоначалник ќе ги употреби за потребите на граѓаните од нашата општина. Но, точно е дека ако се плашиме од чавките не треба да сееме семе. А семе нам во моментот навистина ни треба. Значи пари ни треба во општините. Значи ли дека ако се сомневаме до бескрај да одиме така. Значи ли дека ако се сомневаме треба да го кочиме процесот на децентрализација. А фактот е дека многу општини тонат во долгови кои што билепретходно, пред да почне процесот на децентрализација, да се имплементриа и тие долгови се повеќе се зголемуваат и генерираат.

И уќте нешто сакам да му кажам на колегата Веле Митановски. Не треба во страв да живееме. Треба да си ги ефектуираме, да си ги активираме сите механизми кои што ги имаме на располагање ако евентуално се сомневаме во работењето на институциите како што е во случајот што се сомнева во работењето на градоначалникот. Имаме безброј механизми во државата, безброј институции кои што можат да вршат контрола, почнувајки од Министерството за локална самоуправа кое што е надлежно во

овој дел, Министерството за финансии, па на крајот и органите на прогонот. Значи, не треба ова да ни биде аргумент против донесување на овој закон, туку напротив, овој закон ни е потребен заради граѓаните, потребен е заради продолжување на процесот за децентрализација. И до колку не го донесеме ова ќе биде првата кочница на децентрализацијата.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика, господинот Веле Митаноски.

**Веле Митаноски:** Зборував за потребата кога сакаме да ги промениме нештата, состојбите, дека мораме да ја промениме и сопствената свест на однесување. Јас Заев го спомнав како зрно, за да го издвојам од кукуљот. За механизмите всушност за тоа зборував. Но, видовте како механизмите не функционираат и навистина и покрај оправданоста, повторувам, не можам да ја кренам раката да стиснам на копчето, затоа што сомнежите ми се посилни.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе бидам навистина краток. Со оглед на тоа што сметам дека денеска барем декларативно, практично ќе видиме кога ќе дојде до гласањето, се плокажува дека нема посериозна разлика околу она што значи неопходност и важност на децентрализацијата во Република Македонија. Впрочем, не само децентрализацијата, затоа што согласно Рамковниот договор стана и дел од нашите уставни измени, не само што упати голем број на законски проекти, таа има големо практично значење. Таа претставува и чекор понапред кон ЕУ и кон НАТО. Таа на крајот на краиштата значи еден клучен одговор за решавање на практичните проблеми на граѓаните. И ние денеска кога разговараме за децентрализацијата треба да имаме на ум кога ги говориме аргументите и контра аргументите, дали со ова имаме уште еден плус во начинот на решавањето на проболемите на граѓаните. Можам да стекнам еден впечаток најмногу после дискусијата на колегата Митаноски дека сите се согласуваме дека треба да продолжи процесот на децентрализацијата, ама кога вие говорите од владеачакото мнозинство за аргументите против, ставате едно големо ама, и ги редите аргументите. И верувајте ако така ги поставиме црно-бело работите, вие де факто потпишувате ситуација во која што сакате јавно да кажете, стоп за понатамошното продолжување на децентрализацијата. Бидејќи оние аргументи кои што можеме да ги слушнеме и лично на НАТО комитетот од страна на премиерот Груевски, од страна на министерот за локална самоуправа Коњановски и сега од вас од прилика звучат дека Република Македонија нема градоначалници кои што имаат капацитет да можат да ја спроведуваат оваа децентрализацијата.

Да ве потсетам на две работи, ако вмимателно го следите процесот на функционирање внатре во Зелс и оние пораки кои што Зелс ги дава, ќе видите дека барањата за зголемување на трансферот на овие даночни приходи, процентуално зафаќање поголемо од 3% го поддржуваат и вашите градоначалници. Веројатно кога се среќававте и во Свети Николе и не знам каде на друго место, седнавте поразговаравте со Коце Трајановски или со некои други од оние кои што се дали во Собранието, во централниот или во извршниот одбор на Зелс и ќе го прашате. Веројатно имавте прилика да го слушнете дека и тој ќе ви го посочи истиот аргумент. Значи, немојте кога говориме за барање за зголемување на овој процес кој што во овој момент го предлага СДСМ да тврдиме дека тоа е барање само на СДСМ. Тоа е барање и на Зелс во кој што учествуваат 84 градоначалници, дел од нив членови на ВМРО ДПМНЕ, мислам еден на ДПА, НСДП нема. Тоа говори дека таквите барања се едноставо претходно артикулирани, разговарани. И да ве потсетам и во моментот кога се одлучи да има 3% од зафаќањата на овој данок, имаше уште еден додаток, дека во зависност од функционирањето и потребите на општините истиот процент ќе може да претрпи измена, ама нагоре, не надолу. Значи, нема да има намалување на процентот, туку само зголемување.

И втората работа е што заборавате дека на крајот од годината вие го гласавте, или со ваша поддршка поточно се донесоа двата закона од тн., за мене несреќен, ќе видиме, ќе покаже времето практично, паќет на закони со воведување на тн., рамен данок. Со тој закон вие ги намаливте во маса на средства приходите кои што ги собира Буџетот. Логично на тоа се намалија во маса на пари оние средства кои што одат и спрема општините. И дополнително продолжи процесот на трансфер на надлежности од централната кон локалната власт. Мене ми е драго што ВМРО ДПМНЕ или владеачката коалиција со оглед на тоа што имаше контраверзни позиции и ситуации своевремено кога ги носевме во претходниот парламентарен состав овие закони, сега нема проблем околу тоа и продолжува процесот на трансфер на надлежности од централната на локалната власт. Ама тоа од прилика изгледа дека ние сакаме да имаме фудбалер, а притоа му ги врзуваме нозете и му викаме, трчај. Е па не може драги колеги, општините да функционираат и во културата и во уметноста и во образованието и во противпожарната служба без притоа да имаат основен ресурс, а тоа се финансиите. Немојте притоа да ги бараме аргументите дека тие не се спремни, бидејќи на тој начин признавате дека и вашите градоначалници согласно оваа теза, не си ја вршат доволно својата работа. Јас не го велам тоа. Бидејќи една работа знам дека тие градоначалници и тие совети на општините кои што сите ги заборавме и никој не ги споменува си ја вршат, или можат теоретски, јас викам и практично да ја вршат работата подобро отколку што ќе ја вршат оние луѓе во онаа зграда на Илинденска, а се нарекува Влада на Република Македонија, бидејќи тие нема да ги знаат сите

проблеми во тој момент и нема да ги имаат сите инсрументи за нивно навремено решавање. Оттаму, ве молам, кога разговарате за децентрализацијата имајте на ум дека тоа е барање, или конкретно ова зголемување на овој процент го бараат и вашите градоначалници, или да сумирам сите градоначалници во Република Македонија.

Второ, аргументот дека немаме доволно солидни, или немаме општини со доволен капацитет, едноставно не држи вода. Бидејќи ако е тоа точно, тогаш ајде да прекинеме да им ги дадеме надлежностите, да ги вратиме назад во Владата, па Владата нека се занимава со образование, Владата нека се занимава со противпожарни служби, бидејќи наводно онака како што велите, тие немаат капацитет. Мислам дека тоа е грешна, некоректна и контрапродуктивна теза. Општините, градоначалниците и советите во тој дел имаат капацитет. Тој секако дека треба да се развива, бидејќи тоа не е еднаш за секогаш дадено. Да потсетиме, дека во оваа фаза децентрализацијата, започна реално од 2005 година по донесување на целокупниот пакет на закони. Тоа значи дека за само две години во голем број на општини имаме значителни подобрувања. Изолираните случаи кои што некој може да ги толкува од личен, или било каков, па ако сакате и партиски аспект апсолутно не можат да ја дадат генералната слика, бидејќи тие се изолирани случаи и треба соодветно на тоа и да се анализираат. Токму за тоа сега имате добра шанса кога на полна уста некој говори дека има во ова Собрание дијалог, или дека во државата нема никаков проблем во делот на политичката комуникација, тоа на практичен начин и да го покажете. Јас во најмала рака очекував дека на еден ваков предлог на СДСМ може би некој ќе даде амандман, па ќе рече, се извинувам, не мислам дека треба да се зголеми на 4, 5%, мислам на 4%. Ама не и априори да се биде против без притоа да се понуди еден сериозен аргумент. Тоа не говори дека се разговара за оваа материја врз база на аргументи и знаења, туку се има една класична ограда која што се нарекува партиска припадност. А во општините одиме и ние и вие и во општините кога ќе слушнеме дека паднал таванот како што тоа се случува во една од најбогатите согласно зафаќањата општини, тоа треба некој и да го реши. Не е точно дека се платени сите долгови на општините до крајот на 2006 година. Не е точно, бидејќи не се покриени сите средства. И кога ќе ги слушнам тие изјави од министерот за локална самоуправа, апсолутно немам потреба, или чувство да му кажам дека тоа е нешто голем успех на него, или на неговото Министерство најмаку на Владата. Бидејќи тоа е обврска која што треба да си ја спроведе, ништо повеќе, ништо помалку. Едно знам дека во овој момент бидејќи ништо не се случува општините генерираат загуби, генерираат загуби во образованието, генерираат загуби во останатите институции. Кој ќе ја преземе одговорноста во Гази Баба кога почитуваниот колега и од парламентарниот состав и за мене еден од сериозните градоначалници нема да може да си ја обавува својата обврска. Ќе биде крив советот, ќе биде крив градоначалникот или ќе речеме многу јасно и гласно: Владата ни даде обврски, ама не ни даде пари. Тоа е единствениот одговор. Бидејќи нема трето, нема трета ситуација. Ако на сите ни е јасно дека општините треба да се развиваат ние до овој момент немаме сериозен понатамошен концепт од Министерството за локална самоуправа или од Владата. Што понатаму? Кога ќе започне фискалната децентрализација, до кога ќе се користи аргументот дека општините немаат капацитет што јас сериозно и одговорно тврдам дека не е точно. Никој не го дава тој одговор. Кога на општините ќе им се врати во надлежност државното градежно не изградено земјиште. Никој на тоа буквално не дава одговор. Ако само малку Владата посвети внимание на Зелс, или на општините поединечно, ќе види дека нивните барања не се нереални, туку напротив се многу аргументирани и сериозни. Ме за грижува фактот што Владата во последно време не се обидува со Зелс да гради партнерски односи. Или во оној момент кога нивните барања нема да им се допаднат, тие едноставно ги прогласуваат нив општините внатре во Зелс, или Зелс за непријатели, за некој кој што не си ја врши својата работа. Таквиот пристап на осуда можеби заради различна партиска припадност воопшто не е коректен и воопшто не е на место. И тоа говори само за неспособноста на Владата, а не говори воопшто за евентуалната неспособност на некоја општина поединечно, или на Зелс во целина. Токму за тоа во име на понатамошно продолжување на процесот на децентрализацијата за која што во овој момент вие имате најголема одговорност. Ние го започнавме, ги поставивме рамките, донесовме преку 30-тина закони, треба тоа некој да го продолжи. Сметам дека имате прво морална обврска спрема граѓаните од општините од каде доаѓате да им овозможите поефикасно и порационално и понавремено решавање на нивните проблеми, без разлика кој од каде доаѓа. Едноставно на тој начин ќе покажете дека се водите од интересите на граѓаните, а не од партиските интереси, бидејќи во овој конкретен предлог на СДСМ за зголемување на процентот на зафаќање од 3 на 4, 5% не е единствено партиски проект. Тој на крај ќе се аплицира на сите граѓани, вклучително и на вас самите, бидејќи вие ќе живеете, како што и јас и сите останати на истите места од каде што и претходно сме дошле.

**Бесим Догани:** Реплика госпоѓа Катерина Димеска.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателе.

Јас само една кратка реплика на почитуваниот колега Ивановски. Имено, сакам да реплицирам, во неговото излагање неколку пати потенцираше: Вашите градоначалници, нашите градоначалници. Почитуван колега Ивановски,

градоначалниците на општините се градоначалници на граѓаните кои што ги избирале во соодветните општини. Исто така, во неговото излагање потенцираше за некакви огради кои се нарекуваат партиска припадност. Дефинитивно и тука не се согласувам со тоа негово излагање и дека сите ние пратениците од општините од каде што сме дошле имаме и морална обврска спрема граѓаните од каде што доаѓаме, ќе се согласите се разбира со почитуваниот колега со напомена дека сите се залагаме да создадеме подобри услови од општините од каде што доаѓаме. Да го потсетам почитуваниот колега дека во многу скоро време беше изнесено од министерот за локална самоуправа дека во нареден период ќе имаме еден законски проект кој што ќе овозможи рамномерен регионален развој. Тоа значи поддршка на сите општини и ние општините од помалите општини да имаме развој на соодветните општини. И да потенцирам една друга работа дека многу градоначалници веќе добро функционираат, таков пример е општината од каде што јас доаѓам каде што градоначалникот за период од две години успеа да врати една обврска која што ја затекна во општината од 100 милиони денари и за период од две години 80% од обврските кои што ги имаше нашата општина веќе се вратени.

**Бесим Догани:** Контра реплика пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Токму така колешке. Значи можат градоначалниците и добро да работат без разлика накоја партија и припаѓаат и во која општина функционираат. Еве имате шанса, да им дадеме на луѓето и на советите да работат уште подобро. Или на крајот на краиштата не заборавајте дека на општините им се префрлија голем број на ингеренции, обврски. Истите без пари не можат да се реализираат. На крајот цената за тоа ја плаќаат граѓаните. Тие имаат лоши училишта, тие имаат лоши услуги, тие имаат лоши патишта и не осветлени улици. Кој ќе ја сноси одговорноста за таквите проблеми. Па вие го направивте оној интересен спот каде што училиштето нема кров. Па ако сакате да зборуваме конкретно за тоа, еве ви шанса, зголемете ги зафаќањата на општините за да не се случуваат некои училишта да бидат без кровови. Сето останато ова што го зборувате е гола демагогија, ништо повеќе.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Алексанар Николоски.

**Александар Николоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, денес имаме еден исклучително интересен закон, закон поднесен од колегите од СДСМ и од ЛДП кој што пред се го отвора поголемото прашање, а тоа е прашањето на децентрализација како процес. Значи, денеска кога разговараме за да се зголеми ставката на зафаќање од ДДВ-то од 3% на 4,5% не разговараме само за дополнителните финансиски средства кои што треба да одат во општините, туку разговараме воопшто за процесот како таков, односно разговараме за децентрализацијата. И тука треба да отвориме неколку прашања. Пред да ги изложам моите аргументи ќе кажам дека со симпатии гледам на предлогот, заради тоа што овој предлог е еден од начините да се излезе од кризата во која што во моментов се наоѓаме од многу едноставна причина што ние имаме реален проблем со процесот на децентрализација. Така што добро е што имаме ваков предлог заради тоа што мора конечно тука во Собрание да ги отвориме овие прашања и мора конечно тука во Собранието да поразговараме до каде е процесот. Во таа насока би сакал да кажам неколку работи. Првата е дека ние имаме за жал несреќно почнат процес на децентрализација, односно имаме почнат процес на децентрализација кој што не е поставен на долги пруги, односно не е поставен на една подолгорочна стратегија. И тоа е така од објективни, или субјективни причини, тоа е така најмногу заради тоа што кога се носеа паќетот закони за децентрализација фокусот беше на друго место, фокусот беше на тогашниот закон за територијална организација, фокусот беше на промената на границите, фокусот беше на она што во тој момент значеше обид за прекројување на границите на општините по етничка линија. И во тој момент и македонската јавност и тогашниот состав на Парламентот и власта и опозицијата се занимаваа со тоа дали Струга да е двојазична или не, дали Скопје да е двојазично или не. И само заради тоа го изгубивме главниот фокус, а тоа е каква децентрализација ќе имаме, заради тоа што најмалку е битно дали Струга ќе биде двојазична, или не, ако градоначалникот на општина Струга и советот на општина Струга немаат доволно средства да ги извршуваат ингеренциите кои што им се доделени. Тоа е прво.

Второ, кога започна процесот на децентрализација се отиде со едни големи очекувања, се создаде впечаток во јавноста дека практично општините ќе се држава во држава, дека ќе имаат огромен број на надлежности, дека практично ќе можат да ги решаваат сите проблеми на граѓаните. За жал, со 3% од ДДВ, односно 1% колку што првично се предлагаше такво решение не можеме да видиме, заради тоа што ингеренциите се едно, а реалните можности се друго.

И во таа насока би сакал да го повторам она што пред малку го кажав кога реплициравме со колегата Герамитчиоски, а тоа е следното дека нас во овој ни треба многу сериозна анализа до каде е процесот на децентрализација не само во финансискиот дел. Нас во овој момент ни треба многу сериозна анализа колкави се капацитетите на општините, реално да одговорат на ингеренциите кои што ги добиле и реално да одговорат на барањата на граѓаните и уште повеќе колкави се капацитетите на општините за да поминеме во втората фаза од процесот на децентрализација. За жал, тука имаме песимистички согледувања, односно за жал

одговорите не се најсреќни. Според оние две работни тела кои што се водат во Министерството за локална самоуправа и во Министерството за финансии, не голем број на општините, имаат можност во моментов да преминат во втората фаза од процесот на децентрализација и тоа е голем проблем, заради тоа што е вака и за тоа треба да побараме сериозна анализа од Владата, од Министерството за локална самоуправа, од Министерството за финансии, од Министерството за образование, од Министерството за здравство, од сите оние кои што се вклучени во процесот на децентрализација и да видиме до каде е тој процес.

Во таа насока сметам дека не е најбитно и не е основно колкава ќе е стапката на префрлање на средства на општините, туку две други работи.

Прво, како ќе ги користат тие средства,

Второ, кој е капацитетот за да ги користат тие средства. Тука, не сакам да кажам дека сум против зголемување на ставката, напротив, сум за, но сметам дека ова е парцијално решение, кое што нема да донесе резултат. Нас ни е потребен систем, пакет на мерки не само со законски акти, туку и со подзаконски акти кои што ќе ги направи Владата, за да направиме функционален процес на децентрализација, кој што за жал, во моментов не се случува. Сите добро знаеме, тоа денес го говоревме и колегите од мнозинството и колегите од опозицијата дека ние во моментов се соочуваме со една многу непријатна ситуација, каде што општините имаат големи долгови, кои што настанале заради една или друга причина, но генерално настанале заради две причини.

Прво, заради тоа што голем дел од надлежностите кога беа пренесени од страна на централната власт на општините, дојдоа и долговите со тоа, државата не се погрижи да ги расчисти долговите кои што беа направени пред почетокот на процесот на децентрализација.

Второ, имаме нови долгови кои што генерирале во меѓувреме и кои што се такви, заради тоа што имаме нефункционален процес на децентрализација. И, тоа е вистина, треба да се погледнеме во очи, треба да го признаеме тоа, треба да и го кажеме тоа на Владата како пратеници, како луѓе кои доаѓаат од различни средини, како луѓе кои најубаво ги чувствуваат локалните проблеми и да побараме начин тоа системски да се реши.

Во таа насока она што е многу значајно и она за што треба да разговараме се неколку битни процеси.

Прво е процесот, битниот процес на децентрализација во образованието. Таму, за жал, се доведовме во ситуација надлежностите во основното и во средното образование да бидат претфрлени на локалната самоуправа, исто така да бидат и долговите и практично минатата година општините ни беа блокирани,ни беа пред колапс, ни беа со блокирани сметки и со една интервентна политика на Владата со ребалансот на Буџетот се зголемија средствата за 28,4% на генерално ниво, а за руралните општини тоа отиде некаде од 36 до 40%.

Но, она што сакам да го истакнам и сум убеден е дека овие политики се функционални. Значи, нефункционални политиките кои што се базираат на решавање на проблеми. Нефункционални се политиките кои што се базираат на дотации кои што ќе ги направи Владата или се базираат на покривање на долгови кои што настанале како такви. Во таа насока лично би сакал да дадам неколку предлози, неколку согледувања и во таа насока во наредниот период заеднички да работиме.

Прво, покрај она што се вика зголемување на дотациите од ДДВ, можеби треба да размислиме и за тоа сите и правни и физички лица да плаќаат данок на имот и тој да оди во касите на општините, како би можеле да оствариме повеќе средства за општините.

Второ, да создадеме капацитети во општините како би можеле тие изворно да се финансираат.

Трето и најбитно, во наредниот период многу сериозно и со Владата и со невладините организации и со фондациите да се работи на она што се вика обука на администрацијата во општините. Ние за жал, имаме администрација во општините, која што е на катастрофално ниско ниво и која што практично има знаења кои што се основни, кои што се примарни и кои што не можат да донесат ништо ново на општината. Имаме луѓе кои не говорат странски јазици, имаме луѓе кои не знаат да користат компјутер, имаме луѓе кои долги години работат со истата матрица и практично не ги примаат процесите кои во моментов се случуваат. И, за тоа не обвинувам никого, туку за тоа треба сериозно да седнеме да поразговараме и да видиме како да се зголеми капацитетот на општините. Дали со зголемување на бројот на вработени, како би дошле млади и образовани кадри кои што би можеле да го вршат процесот, дали со обука на постојните кадри, дали можеби со помош помеѓу општините со размена на информации итн, но генерално да најдеме начин да се реши овој проблем.

На крајот, она за што исто така би сакал да зборувам и што сметам дека треба да е еден од деловите односно една од мерките во овој пакет на мерки, кој што треба како Парламент да го направиме и кои мерки треба да ги побараме од Владата, тоа е и она што се вика процес на злоупотреба на дел од ингиренциите кои што ги имаат општините. Тука ќе го спомнам проблемот со урбаната мафија. Ние, за жал, во моментов имаме општини кои што самите одлучуваат како се справуваат со дивоградбите, кои самите одлучуваат како се справуваат со неправилната градба и на кои никој буквално не им може ништо од две едноставни причини.

Ако имате општина односно градоначалник кој што не сака да се бори против урбаната мафија,

единствениот начин да го натерате да го прави тоа е да му ги одземате ингеренциите. Тоа воопшто не е среќно решение. Ако му ги одземете ингеренциите, покажувате две работи.

Прво, тоа може да биде протолкувано политички, заради припадност на една или друга политичка партија,

Второ, покажувате дека процесот е нефункционален односно дека процесот има дупки. И, такви има илјадници примери, такви примери можеме да сретнеме секојдневно. Јас нема да го споменам кинескиот ѕид во Скопје, еве ќе го спомнам она што е најнов случај во општината од која што доаѓам од Охрид, кинескиот ѕид во Охрид, каде што имаме апсолутно нелегално изграден објект кој што има големи шанси на утрешната седница на совет да биде легализиран. Така, дел од ингеренциите доведоа ние во моментов да се доведеме во ситуација да имаме т.н. легален криминал. Криминалот да се легализира преку гласање во општините. Тоа е, исто така, голем проблем за кој што треба да разговараме. Значи, покрај тоа да разговараме колку средства треба да имаат општините, покрај за тоа да разговараме на кој начин ги трошат средствата општините, треба да разговараме и за тоа како се справуваат со надлежностите кои што ги добиваат и кои не се само во делот на градежништвото, ако сакате ги имаме и во образованието и имавме големи проблеми со промена во делот на имињата на училиштата. Тоа беше процедура која што во некои општини сеуште е отворена. Имаме проблеми во дел од општините со здравствениот систем. Голем дел од примарното здравство може да се доведе во проблем, односно треба да се затвораат здравствени институции, такак што ова е една голема, голема планина од проблеми, која што мислам на овој начин само со еден закон нема да ја решиме, туку треба заеднички да ра змислиме, можеби да се состави работна група од власта, од опозицијата, од Министерството за локална самоуправа и од сите други министерства кои што се вклучени во процесот и заеднички да договориме во наредните неколку месеци пакет на закони кои што ќе значат решавање на овој проблем.

На крај ќе завршам со она што го кажуваше колегата Ивановски, процес на децентрализација е најмалку партиски. Процесот на децентрализација најмалку можеме да го гледаме низ таа призма, затоа тоа што и ВМРО-ДПМНЕ има градоначалници и СДСМ има градоначалници, а најмногу од се заради тоа што со тие проблеми секојдневно се соочуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Николовски.

За реплика се јавија пратеник Тале Герамитчиоски и Најдовски Слободан.

Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе,

Во многу нешта јас и мојот колега се согласуваме. Но, за да бидат работите појасни, значи би искажал сомневање во несреќниот почеток на децентрализацијата во делот на образованието. За некој да научи да плива треба да влезе во вода прво. Значи мора нешто да се почне па да се евидентираат кои се слабите страни за да можат во од да се одстрануваат или негативните ефекти да се отстрануваат и да се надополнуваат со други позитивни мерки. Значи, како ние пристапивме во припрема на училиштата пред се, во услови на децентрализација. Проектот модернизација на образованието во кој што во другите закони беше злоупотребуван служеше токму за оваа намена да можат да се зголемат капацитетите на училиштата во услови на нови форми на управување после децентрализацијата и прилагодување на соработката на училиштата со општините. Што направивме за да ги поврземе училиштата со општините, со градоначалниците. Морам да кажам многу се трудевме, а малку направивме. За љубов треба двајца. На секоја средба на градоначалниците кога им беше потенцирано каде треба да се стави акцент на заштеда, поголема економичност, контрола во управувањето со училиштата односно средствата за материјално-техничко работење.

Бидејќи самите признавме дека државата е слаб економист, дека тешко може да ги задоволува потребите, постојни, да ги контролира, евидентно е дека се преголеми и дискутабилни. Секогаш беше возвраќано дека им солиме памет дека се занимаваме со некои тези дека е потребно да се заменува програмата или не знам што за да се прави заштеда за топлинската енергија итн. Но, главното прашање почитуван колега е следното. Ајде да не зборуваме за минатото, ајде да признаеме дека постојат некои дефекти дека постојат недостатоци, дека е потребно да се направи некоја поопсежна анализа. Што прави Владата на тој план, што прави Владата за да се зголемат компетенциите и капацитетите на општините во услови на децентрализацијата и да се подобрат капацитетите на самите училишта. Но, пред се акцент да се стави на општините. Дали онаа анализа која што взаемно се согласивме дека е неопходна е нарачана свесни се дека е потребна, дали ќе се започне таа анализа за да можат да се изнајдат долгорочни мерки. Ние предлагаме сега една парцијална мерка на кратки стази.

**Љубиша Георгиевски: Ви б**лагодарам.

Николовски Александар, контра реплика од една минута, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Значи се согласивме за многу од работите и ќе го потврдам тоа. Јас сметам дека процесот на децентрализација во образованието веројатно тука ние не сме се разбрале е многу значаен и е многу потребен особено заради тоа што основното и средното образование треба да бидат креирани од жителите на локалните

заедници заради тоа што тие најдобро знаат кој начин на образование, нормално контролирано од Министерството за образование е потребен за новите генерации. Заради тоа што процесот на децентрализација, образованието најмалку значи начин на справување со финансиските проблеми односно начин на менаџирање. Имаше проблеми на почетокот, добро е што ги решаваме тие проблеми и добро е што голем дел од долговите на училиштата се затворени и тоа е еден позитивен сигнал како треба да се решаваат проблемите. По однос на анализара јас како и вас како пратеник ја барам и барам од Владата што поскоро да ја направи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Реплика од три минути има пратеник Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Дискусијата на господинот Николовски и неколкуте реплики кои што ги имаа пратениците пред се на ВМРО-ДПМНЕ односно на владеачкото мнозинство, всушност ги покажа каде ни се согласувањата, а каде ни се разликите помеѓу Владата и владеачкото мнозинство и ЛДП и СДСМ кои што се подносители на овој Предлог на закон.

Имено, се согласуваме во тоа дека констатиравме заедничкиот проблем за недовони финансиски средства на општините. И тука се согласуваме. Но, се разликуваме во следново. Што оваа Влада ги намали изворните приходи на општините и си дозволи за рекламирање да кажува дека издвојува повеќе средства за општините со тоа ги зголеми своите дискрециони права и да врши дискриминација во позитивна или негативна смисла на градоначалниците во зависност од која политичка партија се. Ние се разликуваме во тоа што владеачкото мнозинство и Владата сметаат дека недоволните средства кои што се сега во општините ќе ги надокнадат со нивното размислување за воведување на нова давачка, тоа е зголемување на данокот на имот односно проширување на основицата на данок на имот на стопанските субјекти. Додека ние предлагаме од постојните давачки да се изврши прераспределба односно наместо воведувањето на нов данок, како што размислува Владата, ние размислуваме постојните даноци на граѓаните да имаат таква распределба што нема да остане само кај Владата, туку ќе се вратат во општините на исто ниво како што биле во 2006 година. Мислам дека добро е што господинот Николовски дефинитивно ја потврди таа разлика.

Да заклучам со тоа, Владата размислува, парите што им ги скрати на општините да им ги надокнади со нов данок, додека ние како предлагачи на овој закон предлагаме од постојните давачки да се врати оној дел на општините што Владата им го зеде за себе. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Контра реплика од една минута пратеник Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Има уште еден начин на кој што единиците на локалната самоуправа ќе се финансираат, а тоа е со Законот кој што заеднички го усвоивме за минерални суровини со 40% од средствата кои што се добиваат како концесиски договори ќе одат во буџетите на единиците на локалната самоуправа. Тоа е едно од решенијата, јас не велам дека тоа е идеално решение. Не знам дали е Владата во право или дале е колегата во право. Поентата на моето говорење, поентата на мојот став е зошто сум јас воздржан по однос на овој закон и така и ќе гласам, е заради тоа што треба споредбено да го најдеме патот и механизмот да го решиме проблемот со децентрализацијата. Ние имаме проблем во моментот со спроведување на процесот на децентрализација, може комплетно да колабира процесот и да се најдеме во многу непријатна ситуација и затоа мислам дека парцијални решенија не се добри. Не велам дека ова решение е лошо, но сметам дека системски треба да се донесе во пакет со многу други решенија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеник Спасовски Оливер.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници.

Накратко сакам да го искажам и моето мислење околу овој Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и сум еден од предлагачите, заради тоа што почувствував неопходна потреба да се направи измена во овој дел, заради тоа што навистина се наоѓаме во една многу сериозна и чувствителна фаза на децентрализација во Република Македонија. Тоа е процес кој што сите декларативно политички партии искажавме уверување, па дури и политичка волја за спроведување решително на ваков процес на децентрализација, меѓутоа мислам дека во овој период имаме одреден застој, па дури може да се каже и назадување на процесот на децентрализација и тоа нема да биде од полза за ниту една политичка партија, без разлика дали е на позиција во моментов или е партија во опозиција.

Исто така, сакам на почетокот да го искажам моето незадоволство заради тоа што токму за овој закон кој што се изјаснивме дека е приоритет, барем и од приоритетите кои што ги искажа и Владата односно претседателот на Владата, Никола Груевски и при самото формирање на Владата, на изборот на Владата, дека еден од приоритетите ќе биде процесот на децентрализацијата да се доведе до крај. Мислам дека со не давање мислење по овој законски проект, кој што беше поднесен од пратениците од СДСМ, од ЛДП, уште еднаш покажува каков игнорантски однос Владата има спрема Собранието на Република Македонија.

Уште еднаш покажува дека немаат чувство на одговорност токму кон оние кои што им дадоа мандат како министри и претседател на Влада. Мислам дека во најмала рака тоа е непримерно однесување да не дадете мислење како Влада по однос на закон кој што има сериозни финансиски импликации во неговото спроведување. Меѓутоа со самото тоа треба да укажете и на вашата јасно изразена волја што и како мислите за процесот на децентрализација да го подобриме во овој период. Очекував дека ќе имаме мислење макар и негативно, заради тоа што тоа го чувствував и од говорот на пратениците од парламентарното мнозинство дека нема потреба од донесување на еден ваков закон, дека мора да ги бараме мерките да бидат како пакет на решенија, како покомплексни мерки кои што детално ќе го разработат овој сегмент и ќе допринесеме да ги зголемиме финансиските средства на општините заради тоа што укажуват многу параметри дека тој и те како потребно во Република Македонија посебно сега кога ќе започне процесот на фискалната децентрализација. Општините подолго време веќе во повеќе наврати преку заедиците на единиците на локалната самоуправа како нивна организација укажуваат на потребата за Владата обрне поголемо внимание кон процесот на децентрализацијата да се продолжи во наредните фази и да се земаат предвид барем дел од укажувањето на градоначалниците во уградувањето на нивните предлози во законски решенија за да може да ги доведеме до крај процесите во сите фази на децентрализацијата во локалната самоуправа за да на крај кажеме дека навистина имаме успешно спроведен процес, навистина имаме децентрализирана власт во духот на она што сите се залагавме овде и да ги остраниме недостатоците и пречките кои што се појавуваат во функционирањето на локалната самоуправа, а со тоа ја намалуваат и ефикасноста, што е спротивно на интересите на граѓаните на Република Македонија заради тоа што од овој процес на децентрализација граѓаните на Република Македонија очекуваа артикулирање на, што побрзо артикулирање на нивните интереси, ставови во делот на локалната власт каде што тие директно можат да учествуваат во креирањето на локалните политики преку советите и преку градоначалниците. Покрај финансиски проблеми со кои што се засегнати сите општини во Република Македонија без разлика на големината има и други прашања кои се и текако значајни за да можеме да кажеме дека овој процес на децентрализација е успешен, дека конечно општините ќе можат да одлучуваат или пак да креираат сопствени политики пред се во делот на локалниот и економски развој што беше еден од приоритетите, секотори кои што се формираа во рамките на администрацијата на локалната самоуправа итн, заради тоа што најмногу ќе можат да придонесат на територијата на сопствената општина да имаат добар економски развој, а со тоа да го подобрат и стандардот на граѓаните на Република Македонија, а и приходите во сопствените буџети. Пред се, мислам дека однос на децентрализација на државното градежно неизградено земјиште, вклучувањето на општините во постапката за распределувањето на земјоделско земјиште, подеднаква распределба на приходите од земјиштето и концесиите помеѓу државата и општините и зголемувањето токму она што ние го предлагаме на стапката за ДДВ за општините и на персоналниот данок. Заради тоа што овие две ставки кои што во овој момент се 3% мислам дека се мали, тоа се покажа во пракса, можеме да кажуваме дека е краток временски перод, или долг меѓутоа доволен да ги согледаме првичните показатели дека има недостаток од финансиски средства во делот на општините. А недостаток на финансиски средства во функционирањето на опшитните и општинската администрација се одразува и врз функционирањето на јавните претпријатија на локално ниво, пред се, комуналните претпријатија каде што општините не можат поради недостаток на финансиски средства да си ги подмират основните долгови кои што се во делот на одржувањето во јавнопрометните површини или зеленоцветните површини чија обврска е на општината да го исплаќа тој дел по фактури на јавното претпријатие, меѓутоа заради недостаток на средства често и најголем број на општини во Република Македонија таа ставка не ја подмируваат и на директен начин допринесуваат за намалување на приходите на овие јавни претпријатија и на дополнително задолжување и на задолжување на јавните претпријатија према државата со плаќањето на ДДВ на фактурираната вредност, а реализацијата е во тој дел многу мала. Слободно може да се констатира во овој период дека општините се соочуваат со огромни проблеми и дека овој процес на децентрализација се наоѓа во една критична фаза. Можеме да искажеме разни мислење дека 7 месеце е краток период, дека би требало уште повеќе да помине време, уште повеќе веројатно во тој случај финансиски да паднат општините и дури тогаш да се сетиме дека нешто мора да превземеме во овој дел. Се согласувам со одредени колеги дека имаме недоволна, односно неефикасна државна администрација во делот на локалната самоуправа. Дека голем број од службите не се во тренд со времето, дека можеби има недоследности во однос на прибирањето на средства кои што претставуваа еве, така да речеме новина, иако сета оваа работа ја има до 1990 година како односно 1996 како општини. Меѓутоа, мислам дека после согледување на вакви состојби дека работата не се движат во добра насока и укажувањата кои што ги имавме од страна на Европската комисија дека процесот на децентрализација не ни е баш најдобар и во очекување Владата во овој период превземе одредени мерки што ќе бидат подпомагање на овој процес на децентрализација, мислам дека Социјалдемократскиот сојуз и

Либералдемократската партија немаат друг избор освен да понудат одредено решение со кое што сигурно ќе се зголемат приходите во општините дополнително намалени во усвојувањето на пакетот закони кои што го регулираат така наречениот рамен данок па стапката на даноци ја намаливте од 15 на 12, па потоа на 10%. Не е доволно само да излеземе на медиумите и да имаме голема медиумска кампања и реклама дека нешто направивме. Како во однос на намалувањето на ДДВ за репроматеријалите во земјоделството. И тогаш укажувавме како опозиција дека ништо нема да се допринесе во делот на директно чувсвто во подобрување на животот на земјоделците, во работата на земјоделците дека основен оној кој што ќе имаат профит ќе бидат трговците со ваквите производи, меѓутоа, како добра реклама тоа се прими од страна на граѓаните, ефектите ги гледаме дека се рамни на нула, дури имаме производи кои што се поскапи. Исто и укажувањето кога се однесуваше на Законот за законите во делот на рамниот данок. Укажувавме дека на ваков начин ќе се намалат приходите со тоа се намалуваат приходите и во централниот Буџет, меѓутоа и во локалната самоуправа кои што средства и така недостасуваа, а не пак со намалување на стапката на данок уште повеќе ги намаливме делот од приходите на локалната самоуправа и не можеме воопшто да бидеме задоволни дека една од општините на Република Македонија ќе може докрај да се справи со овој процес, кој што е започнат. Не можеме да се пофалиме дека општините добро функционираат и во делот на образованието, одржувањето на објектите во делот на труд и социјална политика, ниту во било кој сегмент кој во овој период се презема како дел што е само на одржувањето на основните средства. Додека фискалната децентрализација треба да започне на 1.07.2007 година, за што Република Македонија не е подготвена за овој период. Ако не можеме да ги подмириме овие трошоци што се за комунални услуги итн, мислам дека општините не можат да ги подмират ниту трошоците кои се во однос на платите за вработените и во образованието итн, а не пак да амбицираме дека некои општини нешто ќе можат да постигнат и во делот на образованието, во квалитетот на условите за образование итн. Голем дел на институции на локално ниво, кои се преземени во процесот на децентрализација имаат судски постапки со долгови, кои што се започнати пред процесот на децентрализација. Мислам дека ќе мора Владата, без разлика што сега не почуствува потреба да се изјасни по овој Предлог на закон, меѓутоа, ќе мора да изнајде решение за овие прблеми и како и на кој начин да се затвораат долгови што биле продуцирани во времето додека овие институции биле под државна власт.

Затоа, мислам дека ако Владата во овие 7 месеци не реагираше, без разлика на тоа, дали е ова вистинското решение или не, меѓутоа, е дел од решението, ако не е целосно решение, пратениците треба да го содржат овој Предлог на закон. За со предложените измени да ги вратиме барем дел од средствата што сега во моментот не се прибираат и за да направиме за локалните самоуправи со новите надлежности да бидат вистински генератор и стимулатор на економскиот развој во општините, а со тоа и во Република Македонија. Меѓутоа, ако продолжиме со ваков начин на водење на работите во Република Македонија игнорански да се однесуваме кон одредени институции и кон одредени предлози, мислам дека со таков економски развој ќе нема ништо ниту во локалмните самоуправи, ниту во Република Македонија воопшто и тогаш ќе западнеме уште во поголема криза, тогаш нема да ни бидат доволни и други решенија кои што ќе ги нудиме, затоа што постојано ќе ги наведуваме во долгови локалните самоуправи кои што и сега во овој момент се доста презадолжени**.** Затоа мислам дека треба да ги почитуваме мислењата кои што беа давани на состаноци, преку соопштенија, па дури и преку пресконференции од страна на единиците на локалната самоуправа каде што покрај градоначалниците без разлика дали се од власт или од опозиција сите ги искажаа негативностите во функционирањето и понудија одредени алтернативи кои треба да бидат прифатени од страна на Собранието. На крајот на краиштата ако гледаме дека Владата не превзема ништо во тој дел, мораме ние како Собрание, како највисок законодавен дом да превземеме да овој дел од локалната власт функционира онака како што сме се определиле со заложбите овде изразен преку јасно изразена политичка волја во рамките на донесување на Законот за децентрализација или барем на пакетот закони за децентрализација вклучувајќи го Законот за територијална организација, а кога сме кај делот дали одредени општини во овој момент кои функционираат ќе можат да се справат докрај со процесот на децентрализација, дали ќе бидат способни да ја превземат фискалната децентрализација, очекувам дека и тука ќе се направат одредени анализи, меѓутоа да направиме вистински анализи, а не само да кажуваме дека треба да направиме и дека во рамките на промена на Законот за тероторијална организација која што беше најавена и во времето на донесувањето на Законот за територијална организација и подоцна, дека со доаѓањето на власт ВМРО-ДПМНЕ ќе се измени овој закон токму кај оние точки кој што беше напаѓан во делот на Кичево и Струга итн, и мислам дека ќе има можност да ги измениме и други членови на овој закон и да општините кои што нема да можат да функционираат го решиме на поинаков начин. Заради тоа сакам да ги повикам колегите од парламентарното мнозинство од ВМРО-ДПМНЕ, од НСДП, од ДПА да го подржат овој закон, затоа што тоа е во интерес, пред се, на Република Македонија, не е во интерес на нити една политичка опција, не е во интерес на добивање на ситни политички поени, туку е во интерес на добро функционирање на еден сегмент кој што значи

директна врска помеѓу граѓаните  и локалната власт. Ако тој сегмент не ни функционира на најдобар начин верувајте дека нема ништо да остане од доброто функционирање на Република Македонија воопшто. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор пратеник Рилковски Никола, повелете.

**Никола Рилковски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас во мојата дискусија ќе бидам конкретен и концизен и нема да одземем поголем дел од времето, со оглед дека сум последен дискутант, меѓутоа предизвикан од дискусиите на моите претходници кои што говореа за состојбите во локалната самоуправа, градоначалникот и градењето односно учеството на урбаната мафија во “Охридски кинески ѕид”, а во интерес на вистината сакам да кажам дека во овој дел искажани се навистина многу провизорни податоци, од аспект на тоа што во Охрид локалната самоуправа е на такво рамниште каде што работите ги извршува и е во подем во однос на тоа што значеше претходно работење на локалната самоуправа и во однос на изречените податоци за некаква ревизија која што е извршена за вработените во локалната самоуправа и градоначалникот. Сакам да кажам ова е во интерес на вистината дека за 90% од таквото работење ревизијата се однесува на претходниот градоначалник, а не за  актуелниот градоначалник на град Охрид.

Во однос на постоењето на како што реков, “Охридски кинески ѕид” можам да кажам дека како што и во сите градови така и во Охрид, сигурно е дека постои дел на дивоградби. Меѓутоа сакам да ги потсетам колегите односно колегата од ВМРО-ДПМНЕ дека навистина да не беше дискусијата негова немаше да го спомнам ова, меѓутоа, морам предизвикан сум заради тоа што во тој дел во градењето на “кинескиот ѕид” предначи и сигурно дека “кинеските ѕидови” ги отпочна и се уште е актуелен со таквите кинески ѕидови во градот Охрид, актуелниот директор кој што во приватизацијата го приватизира градежното претпријатие “Трудбеник” од Охрид и е актуелен виско член во органите на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Митаноски Веле вие за реплика се јавивте, повелете Митаноски Веле за реплика.

**Веле Митаноски:** За “кинескиот ѕид” не ми се познати работите, околу тоа колку се провизорни податоците е вака јас ќе кажам, го проучував извештајот конечен на ревизорот. Значи јас ке кажам само овака, 90% од наодите на ревизорот се однесуваат на актуелниот градоначалник. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас не сакав да се вклучам во дискутијата, но бидејќи често пати се споменува Охрид доаѓам од таа општина и би сакал да направам еден осврт или пресек околу Предлог законот што е денеска е точка на дневен ред и околу изнесени одредени видувања кои што се кажуваат и за Охрид.

Јас ќе напомнам само дека во извештаите кои што градоначалниците ги даваа и кои што излегуваа пред медиумите кажуваа дека огромен дел од долговите кои што ги затекнале биле вратени, што значи дека за овој краток временски период од само една третина од нивниот мандат успеале да вратат повеќе од половина од долговите кои што ги затекнале.

Тоа е за пофалба и сметам дека во наредниот период кој што доаѓа долговите ќе бидат целосно вратени, или затекнатите долгови ќе бидат целосно вратени и ќе може локалната самоуправа добро да функционира, а за оние локални самоуправи каде што се блокирани сметките, сметам дека и покрај она што Законот предвидува, не би го цитирал сега точно членот, но ќе кажам, предвидува дека доколку 35 дена е сметката блокирана треба да поднесе извештај до министерот за финансии и да укаже на тоа зошто и како е блокирана сметката. Подоцна му се дава одредено право од користење на дополнителни 30, или 45 дена во кои што доколку не успее да ја одблокира сметката, градоначалникот, поточно на барање на градоначалникот во Министерството за финансии ќе се постави онака наречена наводно времена управа. За жал, ќе кажам дека во Охрид сметката е блокирана можеби повеќе од 7, 8 години наназад, а градоначалникот не најде за сходно сметката да биде одблокирана. Иако ќе кажам доаѓам атрактивен град, град кој што да кажеме е доста баран, баран во смисла на градба кое што овозможува одреден дел од средствата да останат и во самата локална самоуправа . Ние сме туристичко место и нормално дека можеме да кажеме дека имаме и туристичка такса која што исто така дел останува во локалната самоуправа.

Ќе се навратам малку повеќе на она што го изнесоа одредени колеги, ќе напомнам само дека она што колегата Веле Митаноски го изнесе и потполно се согласувам и нема да образложувам, затоа што ревизорската куќа точно ги утврдува и ги кажува слабостите во работењето на локалната самоуправа. Пред мене тука имам одредени податоци и записници со констатации. Би напомнал само дека точно се утврдени негативностите во работењето на локалната самоуправа, не се визуелни, не се паушални изнесувањата. Ќе напомнам само дека од она што се  нарекува кинески ѕид, никој не зборува дека тој кинески ѕид е визуелен, туку измислен. Јас ќе напомнам едно, дека тој кинески ѕид има проект  во кој што јас бев еден од советниците кои што го гласавме. Гласавме за приземје и два спрата. Ќе напомнам само дека не само што излегува од габаритот, ќе напомнам дека има

плус 4 спрата. Не би спомнувал која е таа бројка во метри квадратни, затоа што сето тоа ќе изненади. Се работи за многу поголем кинески ѕид, отколку овој што е во Скопје. За да од одредени притисоци на утрешната седница на Собранието на општина Охрид се проба да се легализира. Јас ќе укажам и на одредени други факти, тука од местото од каде што зборувам, ќе кажам дека во ревизорските наоди ќе побараме и да видиме дали одредени фактури кои што се книжеле, како што кажа и господинот Веле Митаноски, дали ги имаме во самиот ревизорски извештај, или можеби се водат дупли сметководства, кое што сметам дека тие се навистина работи кои што точно и decidно треба да ги утврдиме и некој треба да понесе одговорност. Точно е дека се бориме локалната самоуправа да живее самостојно, да може и мора да работи и функционира онака како што е предвидено со Законот. Но, ќе кажам дека злоупотребата од страна на одредени градоначалници не доведува до тоа да можеме максимално да се залагаме за она што се нарекува децентрализација. Средствата кои што ги остварува локалната самоуправа, зборувам во суштина за сите локални самоуправи според извештаите кои што се давани, кажуваат дека се вратени огромни делови од долговите. Тоа е за поздравување. Се она што е добро треба да се поздрави и почитува. Но, ќе ве молам, не можеме да бараме дополнителни средства за зголемувањето од 3 на 4, или 4,5%, затоа што ако за толку краток временски период се намалил долгот, до крајот да речеме на мандатот, а можеби и пред истекот на мандатот секоја локална самоуправа требала да биде во позитива. Не зборуваме за она што градските татковци најчесто и го злоупотребуваат. Зборуваме за начинот и функционирањето на локалната самоуправа, зборуваме за нешто што се прошири низ цела Република Македонија, а тоа е злоупотребата тука, или внесувањето на урбаната мафија во секоја локална самоуправа. Оттука би сакал само да констатирам, доколку има потреба за увид на Бизнис центарот во Охрид, јас стојам на располагање на сите советници да го увидите и да видите дали утре во локалната самоуправа во Охрид ќе биде легализиран ваков објект и дали е потребно да се легализира ваков објект? Затоа ќе ве молам како пратеници да не изнесуваме некои невистини , или заштита на одредени личности. Јас знам дека доаѓа градоначалникот од СДСМ, од вашата политичка опција, но немојте сега ќе ве молам да кажуваме дека се работи и функционира добро, кога сите ние знаеме дека не е така, кога знаеме дека има одредени работи и пропусти со кои што треба да се соочите и треба да ги кажеме јавно. Еднаш треба да застанеме на здрави нозе и да кажеме дека доволно е и доста е. На некого можеби му е и преку. Не можеме да бараме од државата уште не знам колку години, ќе се изразам народно, да ја молзиме државата. Едноставно треба да обезбедиме самите егзистенција. Точно локалната децентрализација тоа го предвидува. Кога беше Законот за децентрализација ние укажувавме на одредени негативности кои што ќе се јават. Јас се сложувам со господинот Тале Герамитчиоски, мислам дека беше Тале Герамитчиски или Оливер, ќе ми извините, мислам дека спомна дека одредени делови треба да се променат во тој Закон. И навистина треба да се променат, затоа што сите локални самоуправи онака како што се направи децентрализација во Република Македонија не можат да го поднесат товарот и да бидат самостојни. Можеби на некого треба да се помогне. Ќе се помогне со тоа што ќе измениме некој дел, но на ваков начин мислам со барање на дополнителни средства, или процент од она што како што е предлогот даден тука, мислам дека не држи, мислам дека секој треба да работи домаќински и чесно. Едноставно да се грижиме за она што го земаме од народот, да го инвестираме на вистинската позиција и на вистинското место, а не да вршиме злоупотреба.

**Бесим Догани:** Реплика има Рилкоски Никола, Тале Герамитчиоски и Грковска Славица. Одиме по ред.

Реплика, пратеникот Никола Рилкоски.

**Никола Рилкоски:** Не се работи за тоа дека јас го бранам, или штитам градоначалникот на Охрид, бидејќи тој е претставник на СДСМ, меѓутоа ги бранам фактите онолку колку што можам да ги бранам и да ги прикажам онака како што треба да бидат прикажани вистински. Тоа што сметката е блокирана 7,8 години не е причина на сегашниот градоначалник, меѓутоа тоа се темели на претходното владеење на неговиот претходник кој што беше од ВМРО-ДПМНЕ и кој што остави 10 до 11 милиони евра долг. А за пофалување е, ме радува тоа што и вие го констатирате дека тој веќе за година и пол негово активно работење овој долг од 10 до 11 милиони евра го сведе на половина. Значи, добро се работи. И во однос на тоа што ги кажувате сликите за тој кинески ѕид, јас сум против секакво диво градење. Меѓутоа, како што рековте и вие како советник учествувавте во носењето на планот каде што е предвидена една таква зграда за колективно живеење, или не знам каква зграда е. И она што спомнавте дека утре наводно ќе имало седница на Советот на локалната самоуправа каде што ќе се обиде да се легализира овој објект. Јас само ќе ве потсетам, во овој момент мнозинството во локалната самоуправа во охридскиот совет го има позицијата. Така што во тој дел јас мислам дека не може со сила ништо, што и да направи со моќта градоначалникот, ако ја има поддршката од мнозинството каде што токму сте вие.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Излегов на говорница за да ви укажам и покажам дека многу добро ги познавате затоа што и вие господине Рилкоски врвите баш од тука, секој ден

доаѓајќи на седница, поминувате од тука. Не верувам дека не сте запознаени. Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, записник за констатација од градежната инспекција во Охрид, записник и констатација исто така од градежната инспекција. И ќе ви напомнам ова е изгледот. Ќе ве молам, мислам дека добро гледате, овде има П+2. Дали е П+2, или е П+6, и можност за уште повеќе? Ќе напомнам уште нешто, со блокираната сметка и со цесиите сите ние и лаиците знаеме кои се работи можат да се случуваат. Охрид е изграден и преграден за во наредните 15 години.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути процедурално пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, ќе реагирам процедурално, вие сега седнавте да ја водите седницата, но цел ден им се дозволува на пратениците од позицијата да ја изврТуваат темата за која што разговараме. Денес имаме конкретно предложен закон. Јас не спорам дали господинот Грозданов, или другите пратеници кои што спомнуваат за одредени градоначалници, се во право или не се во право, бидејќи не знам. И можеби целосно се во право. Но, сметам дека денешнава тема на разговор не е тоа. Денешнава тема на разговор е предложен конкретен закон за измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Јас би ве замолил во понатамошниот тек на расправата, без разлика дали се работи за пратеници од позиција, или од опозиција, да се држиме за темата на разговор. Доколку има вакви теми, нека се покрене расправа во Парламентот, јас поддржувам секој пратеник кој што ќе се залага за елиминирање на било какви неправилности, јас ќе го поддржам целосно. Но, ве молам, денес имаме друга расправа. Денес имавме случај посебно за Охрид од страна на позицијата да го искажат својот гнев кон градоначалникот на Охрид и мислам дека тоа не е начинот на кој што треба да дискутираме, односно повредена е процедурата. Да разговараме за темата која што ни е предмет на разговор, односно предложениот закон. И би ве замолил бидејќи вие сега започнувате да ја водите седницата, исклучиво да разговараме за предложениот закон. Инаку, поддржувам секоја би рекол “борба против злоупотреба на функција, или ред други работи”. Но, да зборуваме тогаш кога ќе биде времето за тоа.

**Иван Анастасовски:** И вие рековте, јас сега седнав, не знам каква била претходно расправата, но претходно и вие сте биле на ова место, знаете како е, општа расправа е. Значи, имам обврска да ги опоменувам, но општа расправа е и пратениците можеби во даден момент излегуваат од она што значи темата и говорат за своите општини, за дел од проблемите во своите општини. Јас во секој случај ќе апелирам до сите колеги пратеници кои се пријавени за збор, сепак да се држат до темата, а Законот се состои од три члена.

Три минути процедурално господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам.

Ќе кажам само дека јас се држев кон точката што е на дневниот ред. Ќе спомнам дека сето ова изнесено кое што го кажувам беше точно околу финансирањето на локалната самоуправа. Она што и господинот Веле Митаноски го спомна беше цитирано од ревизорскиот извештај. Значи, успехот и неуспехот и дали имаме потреба од поддршка, или немаме потреба од поддршка. Вие ги изврТувате работите и кажувате за заштита на градоначалникот. Јас морав да земам збор и да кажам дека тие работи не се такви. И од овие причини спомнав дека ние треба да се држиме точно до она што е начинот на инвестирањето во локалната самоуправа. Само вака можевме да укажеме дека имаме можност и со ова решение кое што е, значи да се придржуваме дали ние би можеле да го гласаме ова, или нема да го гласаме.

**Иван Анастасовски:** Во што е процедурата?

**Цветко Грозданов:** Процедурата е дека се државме до точката на дневен ред и дека потреба од прекинување.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со реплика, три минути пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Мене ми е жал што една друга расправа која што ја поттикнавме со предложување на Законот прими ваков тек, значи преку еден негативен, или позитивен пример, како сакате наречете го, од дрвата не се гледа шумата. И мене ми е жал што е потврди онаа констатација која што ја кажав на говорницата дека дел од пратениците кога дискутираа по однос на Предлог на законот не ја сфатиле суштината на децентрализацијата и кажуваат негативни примери. Што сега со негативниот пример кој што го посочуваат и да е точен, не навлегувам, си има органи на прогон кои што треба да утврдат дали е тоа точно, или не е точно, се вулгализира самиот процес на децентрализација кој што е дефиниран, кој што се имплементира и во крајна линија ги воочивме слабостите како СДСМ, како пратеничка група заедно со коалиционите партнери предложивме една измена со цел да продолжи процесот на децентрализација. Ова што колегата го кажа околу можноста за измени на некои законски одредби во Законот за локална самоуправа во кои што се делегирани одредени надлежности, дека можеби е време да се изменат. До кога ние ќе се криеме зад законските одредби? Ние не сме виделе на дело, дали ќе профункционира Законот, или не. Законот динамично се остварува во нареден период во фази, значи ја поминавме првата фаза, видовте одредени недоследности, ако сака колегата да дискутираме за недоследностите во делот на образованието, може тука да дискутираме. Но, овој предлог воопшто не го тангира проблемот со градежното

земјиште, или кинески ѕид, или не знам што. Овде станува збор за подобрување на амбиентот финансиски во кој што ќе работат општините, да не влезат во дубиоза после владината одлука, односно гласањето на Парламентот ДДВ-то да се намали од 15% на 12%. И кажав дека општините ќе дојдат до незавидна ситуација заради тие случувања. Во делот на надлежностите на образованието и оние дубиози кои што се изречени, може да дебатираме овде со часови и нема да се убедиме. Очигледно е дека некои градоначалници и постојните позитивни законски регулативи ги сфаќаат само во контекст на желба и потреба и менување на директори на училишта, а не ја сфатиле суштината на децентрализацијата за олеснување на воспитно-образовниот процес во нивните општини.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Да бидам искрена ме предомислија последните дискутанти, затоа што ја изместија потполно основната причина зошто го предлагаме овој закон денеска. Јас ја сфаќам потребата дека во недостаток на сериозни аргументи зошто овој закон не би требало да се поддржи од страна на парламентарното мнозинство дека мора да се најдат други начини, или да се дефокусира расправата за други теми само за да се најде некаков изговор зошто овој закон не треба да се поддржи. Ова што денеска го предлагаме е исклучително важно прашање. Јас сум убедена дека доколку парламентарното мнозинство не најде сила да го поддржи овој наш предлог, дека ќе се доведеме во ситуација како Собрание за многу брзо време, особено можеби многу брзо после имплементацијата на втората фаза на децентрализацијата да добиеме предлог од страна на Владата кој што тогаш истите пратеници од парламентарното мнозинство ќе го поддржуваат, затоа што тогаш ќе бидат убедени дека аргументите кои што и денес ги зборуваме, дека е неопходно потребно да се зголеми финансискиот удел на општините за нивно нормално функционирање. Имаше бројни дебати кога зборувавме за децентрализацијата и кога го носевме пакетот закони, меѓутоа кај сите политички партии немаше дилема дека процесот на децентрализација има една основна и можеби најважна улога, а тоа е доближување непосредно до граѓаните и овозможување на нивно непосредно одлучување за прашања кои што ги тангираат секојдневно. Сите ние сме сведоци како пратеници сме биле во ситуација кај нас да доаѓаат граѓани да бараат од нас интервенции кои што се однесуваат исклучително на прашањата од локалната самоуправа.

Едноставно досега, пред да почне овој процес да се реализира, се сметаше дека целата моќ е во Централанта власт и дека пратениците се тие што би можеле да овозможат асфалтирање на улици или да вилјаат на тоа кај градоначалниците или во Централната власт за средства итн.

Улогата која што ја имаат општините во процесот на децентрализација е исклучително важно и во многу сегменти. Невосмислена е потребата дека за да има нормално функционирање на општините, особено откако ќе ги превземат комплетно сите надлежности, е обезбедувањето на поголеми финансиски средства за да не се соочиме со низа проблеми во функционирањето на единиците на локалната самоуправа. За жал, од многу градоначалници беше многу погрешно сватена децентрализацијата и уште веднаш после локалните избори не беше сватена како механизам за полесно решавање на проблемите на граѓаните, туку напротив како механизам, како градоначалникот полесно да ја води кадровската политика во градот, без разлика на тоа дали процедурата во одредени законски решенија е поинаку пропишана. Бевме соочувани со низа обиди за разрешување на директори во основни, во средни училишта , во јавни претпријатија, без да се почитува законската процедура ,но тоа се случуваше во првите месеци, се додека градоначалниците не сватијај дека не се градоначалници за да прават кадровска политика, туку да ги решаваат проблемите на граѓаните. И, тоа би го припишала на детска болест на градоначалниците , кои за прв пат се соочија со вакви ингеренции кои ги поседуваат. Меѓутоа, ако за нешто сум се залагала во целиот тој процес е дека исклучително важно во ваквото функционирање и во новата улога на општините е постоење на доволно финансиски средства во образованието. Заради тоа што, состојбата во основните училишта, во средните училишта може да има сериозни импликации и сериозни потреси внатре во државата. Во вакви услови, во услови на намалување на данок итн, во услови кога сегашниот Закон очигледно покажа дека не обезбедува доволни финансиски средства, особено не и во понатамошната фаза на имплементација на процесот на децентрализација, јас не гледам ништо страшно да се преиспита можноста за зголемување на финансиите на единиците на локалната самоуправа. Меѓутоа, она што ме разочарува е тоа што ние до денес и покрај тоа што е одамна предложен законот немаме мислење од Владата и не знаеме каков е ставот на Владата по ова прашање. Дали Владата смета дека претходно постојно законско решение е доволно и се оглушува на проблемите кои што веќе очигледно се јавуваат во функционирањето на општините, затоа што е многу лесно да кажете дека, на пример, во втората фаза на децентрализацијата ученичкиот превоз ќе биде на товар на општините и нема за што да се грижи Владата заради тоа, туку тоа е на општините како ќе се снајдат. Многу е лесно да кажете дека обезбедувањето на нафта би требало градоначалникот или училиштата да обезбедат, а без при тоа да обезбедите основни услови или во најмала рака Владата барем да го исполни ветувањето кое што го даде во преродбата од

100 чекори дека од 1 јануари 2007 година ќе оделува од 5% од бруто домашниот производ само за образование. Мислам дека доколку не се поддржи овој закон, ќе бидеме соочени со сериозни проблеми во нормалното функционирање на единиците на локалната самоуправа. Зборувам за нормално функционирање на единиците на локалната самоурпава, нормално не обезбедување на средства кои што на нив ќе им обезбедат буџет со кој ќе можат комотно да располагаат за различни прашања, туку напротив за нормално функционирање на единиците за локална самоуправа и за непречено спроведување на комплетниот процес на децентрализација, за кој морам да кажам дека во првата година од функционирањето даде позитивни резултати и наиде на позитивни оценки и од меѓународни фактори.

Затоа, го повикувам парламентарното мнозинство да размисли доколку не сметало дека предлогот заслужува во најмала рака да го разгледаат и да предложат амандман со кој што ќе дадат свое видување колкаво зголемување на финансиската поддршка на единиците на локална самоуправа би требало да се направи, тогаш барем да го поддржат овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Попповски:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете јас да кажам неколку збора во врска со законот.

Законот има една единствена цел, а тоа е да ја подобри финансиската состојба на општините, без да внесе нови даночни оптоварувања на граѓаните и правните лица во Република Македонија. После вчерашниот настап на господинот Трајко Вељановски, кој читаше долго време едно пишано експозе, за кое што знам дека е направено од Министерството за финансии, стана јасно дека владеачкјото мнозинство ќе го отфрли законот. Меѓутоа, со тоа проблемот нема да го реши. На општините им се потребни дополнителни средства. Нивното функционирање во изминатите една ипол година тоа го покажа и тој факт е неминовен. Ако внимателно го слушавте господинот Трајко Вељановски што вчера зборуваше, тој одби да прифати зголемување од 1,5% од ДДВ да се префрли во Централниот буџет во локалните општини од 3 на 4,5%, меѓутоа во исто време соопшти дека Владата има интенција во оданочувањето на имотот на правните лица да го вклучи и оданочувањето на имотот кои се деловни простории. Тоа подразбира дека ќе добиеме закон за измени на Законот за данок на имот, каде што, според тоа што беше соопштено од Министерството за финансии преку устата на господинот Трајко Вељановски ќе очекуваме зголемување на даночниот товар. Тоа ќе биде најглупавото решени што може да го понуди Владата. Наместо да се откаже од сопствениот дел на Буџетот, за кој и онака се фали дека во меѓувреме добро се полни, само да потсетам дека Владата го зголеми Буџетот во 2006 година, споредено со 2007 за 11.000.000.000 денари. Сега таа не е спремна да се откаже од 300 до 400 милиони денари во корист на општините, меѓутоа е спреман за истиот износ да ги оданочи претпријатијата во Република Македонија со данок на имот на нивниот деловен простор. Моја претпоставка е дека е тоа погрешно решение. Меѓутоа, кога некој човек ќе тргне на еден пат и смета дека е тој единствнеиот, не можете да го одвратите.

Вториот интересен детал од расправата е фактот што внимателно слушајќи ја расправата, лично сватив дека 90% од пратениците што дискутираат за фискалната издржливост на општините , не можат да направат разлика помеѓу средствата што се даваат во вид на дотации од страна на Владата кои наменски треба да се користат, без разлика за каква цел, дали за инвестиции, за трошоци, за плати на вработените на цели сектори кои што се децентрализирани или за средствата кои се даваат по т.н. Зона на слобода на општините да ги трошат по свое наоѓање. Со оглед на тоа дека таа разлика не се прави, а и не гледам причина зошто сите би го знаеле системот, со оглед дека прилично се дебатира лекомислено во овој Парламент, неможејќи да се направи таа разлика, не може да се направи ниту разграничување што овој закон всушност предлага да се случи во системот на финансирањето на општините.

Во Македонија децентрализацијата и особено фискалната децентрализација е успешна приказна. Може тоа од нас било кој да го фали или да го негира, меѓутоа можеме да наброиме минимум три сериозни институции и во светот кои процесот на децентрализација, особено на фискалната го оценија со одличен. Тоа се Европската Унија, Светската банка и ММФ. Не верувам дека некој смета дека има систем на завера во кој лош процес на овие институции, ќе го оценат како добрар. Впрочем, дека тоа е така говори и фактот што во моментов минимум две држави во нашето соседство, нашиот систем на степенеста децентрализација, како што е оваа во две фази со надлежности и механизми кои постојат, го проучуваат и го копираат.

Единствениот проблем во системот на финансирање на општините не произлегува од моделот на децентрализација, ниту од моделот на фискална децентрализација. Јас ќе повторам, тој е одлично осмислен и користи многу искуства од светот. Единствениот проблем кој се наметнува е бројот на општини кои егзистираат во Република Македонија. Јас и денес би можел со висок степен на сигурност да тврдам дека овој модел на децентрализација не е иманентен на постоење на 84 општини, особено на последните 20 по големина и економска моќ во редоследот на општините. Тој е зацртан на 10-

тина до 60 и нешто општини, се дојде заради политички притисоци во Парламентот, во Владата помеѓу разните етнички групи до состојба од 84 општини, која сега го отежнува тој процес, особено за најмалите 20-тина општини. Јас сум уверен дека ќе дојде време кога малку страстите ќе се намалат во Република Македонија, ако воопшто дојде тоа време, со оглед дека се движиме во обратна насока, дека ќе дојде до потреба од редефинирање на бројот на општините и дека тој ќе треба да се намали миниму за 20. Сега, состојбата е таква што тоа не може да се случи и не гледам во блиска иднина дека ќе се случи. Меѓутоа, еден ден ќе биде така.

Меѓувреме, во зацртаниот модел на децентрализација на надлежности во општините се случува процес, кој ако го следите внимателно и во Парламентот со секој нов закон, се додава по некоја надлежност на општините, за која сметаме дека се прави некое добро дело. Еве, ако досега не се забележало, ги поканувам сите 120 пратеници од сега натаму да ги читаат законите кога ги носиме и од аспект како се инволвираат општините во нив. Ќе видиме дека полека ама сигурно процесот на децентрализација се поместува во корист на општините што не е проследено со соодветни финансиски поместувања од страна на даночниот колач или јавните финансии во Република Македонија. Тоа, исто така, придонесува државата, во овој случај Парламентот, па и Владата, сериозно да размислат новото поместување како ќе биде проследено од аспект на нивното финансирање.

Друга системска слабост која денес е завртена како “питон” околу вратот на општините е одредбата во законот за буџетите, која во контролата на вработување на лица во јаните служби има направено разграничување меѓу централната и локалната власт, со тоа што централната власт контролата ја има предадено за сите државни органи што се на Буџетот, почнувајќи од претседателот на државата, па до последната дирекција или агнеција што ја има Буџетот на Министерството за финансии. Таа контрола се одвива успешно. Меѓутоа, кај општините таа контрола премина на секој поединечен градоначалник, вклучувајќи ги службите, јавните претпријатија и сите други органи на општините кои постојат во таа општина. Немајќи контрола, притиснати од ветувањата и интересите на ниво на општините, најголемиот дел, не сите, меѓутоа најголемиот дел, значи повеќе од половината од градоначалниците лекомислено го искористија тоа право за ширење на општинската, да ја наречеме, тврдата општинска администрација, а не онаа што им е дадена по пат на децентрализација, како што е култура, образование, урбанизам, итн. Таа и понатаму ја плаќа Цетралниот буџет преку донации. Тврдата општинска администрација се движеше од изборите 2005 до локалните избори 2006 по динамика која опфаќаше сразмер од 1,7 на 1. Значи, ако сте имале 100 вработени во моментот на изборите, само за една година до моментот на парламентарните избори, општините стигнаа на 170. Тие вработени со своите бруто плати денес се главниот товар на општините да не можат да функционираат со обврските кои им се предадени. Со оглед дека државата не може да постави контрола на тој процес, ќе се соочи со три алтернативи. Или да го пушти нивниот брод да плови во насока во која плови. Таму каде што има умни градоначалници во добра насока, таму каде што градоначалниците мислат дека општината завршува со нивниот мандат во 2009 година, во погрешна насока.

Второ, е да им додаде средства и да ги ограничи со бројот на средства кои одат за исплата на плати, што ќе предизвика бура. Меѓутоа, нема ниедна добра работа која не предизвикува бура. Сите лесни работи обично завршуваат лошо.

Третата работа која постои во минимум половина и повеќе европски држави е да донесе закон со кој може да прогласи банкрот на општината. Такви закони постојат. Ако побарате во Министерството за финансии или во Министерството за локална самоуправа тие можат да ни дадат список на држави во кои такви закони постојат и во Европа и во Европската Унија и во Светот односно дека кога општините и нивните власти ќе претераат со трошењето, а со оглед дека не можат сите системски да создаваат дефицит, за што нив им е одземена можноста да се финансираат со дефицит, кога ќе се наголемат долговите до мера да не можат да ги исплаќаат, тие заминуваат во некаков вид на стечај. Тоа законодавство е познато во Европската Унија.

Владата ќе се соочи со една од овие три мерки, која после година ипол од спроведување на децентрализацијата се покажува дека треба коректив. Сега Владата одбива мерка, меѓутоа јас сум уверен дека нема да ги дочекаме ниту новите локални избори, а Владата ќе понуди мерки за корекција кои ќе бидат задоцнети, а не правовремени.

Втор голем проблем на општините претставува што сопствените даноци не можат да ги собираат, разните даноци на имот. Затоа, за нив се издашни овие даноци кои државата ги префрлува од зафаќањата кои таа ги прави, а за нив, како што се ДДВ и персоналниот данок. Тоа е така, затоа што општините не развија администрација која е даночно способна да администрира со даноците и присилно да ги наплаќа. Само еден пример да кажам. Од Управата за јавни приходи има критериуми во законот за една општина да може да добива средства од Централната власт треба да има даночни оделенија, да има финансиски одделенија за нивните буџети, инаку не може да добива средства. Од прилика половина од надлежните службеници од Управата за јавни приходи кои се префрлија на општинските власти, со цел да продолжат со собирање на даноци на имот во нивно име и за нивна сметка, одбија да ги примат, кажувајќи дека тие

службеници не ни требаат, ние сами ќе си направиме поефикасна служба. Таа служба во најголем број од општините крахира, така што општините сега, не само што ги собираат сопствените изворни приходи на пониско ниво и не само што повеќе собираат, туку ги собираат на пониско ниво од пред процесот на децентрализација. Значи, нивните проекции не се остваруваат. Еве да кажам еден конкретен пример, кој не е мој. Го прочитав во весник и верувам дека е така. Градоначалникот на Град Скопје го корегираше Буџетот за 50% и тоа го објави во весник и соопшти дека не очекувајте во 2007 година, тоа се однесува само за граѓаните на Скопје, никакви инвестиции, затоа што неговиот буџет го преполови, затоа што во 2006 година го собра само половината. Сега знае дека во 2007 година не може да претендира на тие пари, не може да ја намали администрацијата која е пренапумпана и излезот е инвестициите. Нема улици, нема надлежности, нема мостови, тоа што треба, вклучувајќи ги и јавните претпријатија кои се во целосен крах со 6 милиони евра загуба. Значи дека функциите не можат да се остваруваат, освен да живуркаат за потребите на администрацијата која таму постои.

Тоа што овие објективни движења Владата го досоли во октомври, или во ноември 2006 година беше што на еден од приходите кои ги собира Република Македонија, а ги префрла по Законот за финансирање на општините во самите општини за нивно располагање. Значи, не со нив да градат училишта, да даваат плати на учителите и професорите и не со нив да извршуваат функции кои се децентрализирани, туку на нивно располагање. Прво, приходот по основ на персоналниот доход го преполови за третина. И тоа неколку мои колеги го објаснуваа како се случи. Од 15 транзициско решение 12 кое само за оваа година е 10%, без да направи компензација со иста мера тие средства некако на општините да им ги даде на располагање.

Од тука е нашата инспирација за соодносот 4,5% од 15 -10 е исто како од 4,5 - 3%, бидејќи сега персоналецот е 3%, за потребите на општината треба да се зголеми за 3,5% за да се компензира неговото намалување од 15 на 10% што оди за општините. Таа е проста математика и мене ми е жал, што вчера господинот Трајко Славески не успеа да ја сфати таа проста математичка операција. Меѓутоа, се бара образложение зошто оди за 1,5% и ДДВ. Токму од причините за кои зборував под број 1, 2 и 3, за ситуацијата во која сме се довеле. Ако Владата нема намера да ги преземе другите мерки, единствениот излез е да го зголеми делот на трансферите и да ја зајакне контролата врз буџетите на општините да не можат тие да го прават тоа што сега го прават. Разбравме дека Владата за тоа не е спремна. Јас само го чекам моментот кога Владата тоа ќе го направи, без разлика дали ќе го прераспредели ДДВ, порцијата за општините, како што предлагаме за минимален износ, тоа не е голем износ. Сега проекцијата на ДДВ е околу 30 милијарди, што значи ако се оствари проекцијата тоа е околу 450 милиони, поделете ги на општините по формулата за распределба што ја има донесено Владата. Инаку, господине Трајко Вељаноски за ваша информација вашата Влада сега ја има донесено истата формула без никој да ја тера и повторно го има осакатено Градот Скопје на сметка на внатрешноста, што вие вчера го критикувавте. Јас проверив, формулата е останата иста. Значи, кога критикувате внимавајте дали ви е нешто подобро или нешто поинаку сте направиле.

Сега е јасно дека ова решение во Парламентот не поминува. Дека пратениците од владеачкото мнозинство ќе го отфрлат, меѓутоа, ќе дојде денот кога или е се зголемат даноците на граѓаните, за да можат општините да профункционираат понатаму, или ќе се распредели некоја буџетска ставка, со оглед дека кај персоналецот е невозможно да се оди понатаму, тој не е преголем износ во Буџетот, логично е да се оди со ДДВ кој е најиздашниот извор. Меѓутоа, ќе го чекаме денот кога тоа ќе дојде. И на крјаот, сакам да кажам нешто во врска со вчерашното излагање на господинот Трајко Вељаноски. Тој вчера ми соопшти дека треба да се има континуитет во работата, дека кога се поднесуваат предлози до Парламентот, не смее да се има дволичност и дека не можат да се поднесуваат закони и амандмани, цитирам, како на кого му текнало, ниту пак да се прават цитирам повторно, догматски трикови. И го илустрираше следново: ние кога го носевме законот, процентот на одвојување на ДДВ го одредивме на 3%, тие поднеле амандман за 4%, ние сме го одбиле, а сега и ние бараме 4%. Затоа, ние сме биле дволични, така ни текнало, сме собирале ситни политички поени и сме имале догматски трикови.

Сега јас го прашувам господинот Трајко Вељаноски. Ако тие кои тој ги претствува имаат континуитет во работата, ако тие не се бават со ситни политички поени, ако тие не преземаат догматски трикови и не работат како што им текнало, тогаш зошто го поднесовте амандманот на 4% во 2004 година. Ако сте сметале дека е исправно, зошто сега тоа не го направите. Сега можам и јас да ја донесам истата логика како вас. Да ве обвинам од догматски трик и дволични причини сте поднесувале амандман и сега кога имате 60 пратеници во Парламентот господин Трајко, не сте спремни тоа што сте го нуделе да го направите. Зошто тогаш сте го поднеле амандманот. Само за да вршите притисок? Само за да кажете дека сакате нешто повеќе од што дава Владата за тоа време, мислам беше господинот Хари Костов. Значи кога се враќате назад, погледнете и зошто вашиот амандман денес не се прифаќа. Сега, ако вие сте доследни на својата политика ве повикувам тој амандман што вашата пратеничка група го поднела тогаш и сте го браниле од петни жили во ова Собрание, според стенограмите дека треба да биде како што треба, еве дојдовте на власт, ги убедивте

луѓето опозициски делувајќи дека требало да биде 4% а не 3%, ви ја дадоа шансата и сега ве молам изгласајте си го тој амандман самите. Меѓутоа, вие сега го одбивате тој амандман. Како јас да го сфатам тој потег. Јас господине Вељаноски, никгоаш нема да ги употребам зборовите што ги цитирав како ваши. Меѓутоа, има уште нешто. Кога ги применувате на другиот, може да се употребат истите и против вас, со истата аргументација и во овој случај да биде целосно точна. Сите што сте гласале тогаш за амандманот од 4% ве повикувам да гласате повторно, за да не бидете дволични. Значи, условите се смениле. Децентрализацијата е жив процес. Децентрализацијата не случајно особено во фискалниот дел се проектирала да оди во две фази. Токму од тие причини, ако се оди во една фаза, да не се направи некоја кобна грешка, која ќе поништи некои од локалните надлежности и добро е што ништо од тоа не се случи, затоа што успешно се одвива, меѓутоа, исто така двофазноста во децентрализацијата во фискалниот дел се воведе, за да се види дали во периодот од две години ќе има потреба нешто да се промени кога ќе дојде втората и конечна фаза, тоа да се примени. Постои една мисла дека само глупав човек кога ќе се соочи со нова ситуација, останува на старото мислење. Сега во Република Македонија после година ипол од децентрализацијата, а на шест месеци пред втората фаза, која нема поправка на неа, таа е конечна, Македонија се соочува со феноменот дека најголем дел од општините не успеале да го пребродат проблемот. Ако мене лично ме прашате не е моја надлежност, ниту сум во ситуација да сум над градоначалниците, меѓутоа, имам право да го кажам на крајот на краиштата и своето мислење. Јас лично мислам дека во Македонија 2/3 од градоначалниците водат погрешна политика и за тоа ги доведоа општините во ситуација во која се доведени. Меѓутоа, она што го гледам како добро е што 1/3 од градоначалниците тоа не го направија. 1/3 од општините во Македонија работат финансиски одлично и можат да служат минимум половината од нив за пример, а другата половина за добра ситуација како се водат општиниските финансии. Наместо ние да ги претвориме 2/3 во 1/3, односно лошите да ги направиме добри, се плашам дека одиме во ситуација во која и на добрите ќе им ја одземеме чергата под нозе. Ако толку е проблематичен, овој закон има два амандмана, 4,5% персоналец, 4,5% ДДВ. Ако е толку проблематично кај ДДВ и ако Владата пресметала дека сеуште е рано, дека ќе имаат нови мерки тогаш не слушнав ни еден аргумент во оваа дебата дека кај персоналецот сме предложиле лошо решение. Никој не критикуваше дека кај персоналецот решението е лошо, затоа што тие пари се одземаат. И Владата кога ги одзема не се соочи со фактот дека покрај од своите приходи одзема и од општините. Тогаш ве повикувам, бидејќи е јасно дека не го гласате делот од ДДВ, ако вие сметате дека кај персоналецот е тоа добро, во тој дел на персоналецот, вие немате право да поднесете амандман. Меѓутоа, ние предлагачите имаме. Можеме да направиме 15 до 20 минутна пауза, ние самите ќе поднесеме амандман на ДДВ, со кој ќе го избришеме, бидејќи вие не го гласате, меѓутоа, да помине вториот дел од законот кој се однесува на персоналниот данок од доход или скратено ПДД. И тоа е можно само ако се има добра волја. А сум уверен дека Парламентот и Владата на општините им должат по овој основ. Сигурен сум во тоа.

И на крајот, сакам да кажам уште неколку збора за нешто што може да претставува проблем од неуспешноста на втората фаза на децентрализација фискална, за што овој закон се однесува, а кој се заканува на Владата.

Господинот Коњановски пред три дена на телевизија соопшти. Тој е надлежен министер и барем во овој момент не би сакал да шпекулирам дека зборувал невистина. Ќе ја земам за вистина, бидејќи е министер за локална самоуправа. Значи министер Коњановски на телевизија кажа, имавме една изјава прво на господинот Рушити, министер за образование, во фискалниот дел на децентрализацијата, образованието само по себе е повеќе од половината од фискалниот дел. Значи, ако вкупно се децентрализирале 100 денари од централниот буџет, образованието само јаде повеќе од 50. Ова го кажувам за да добиеме ситуација, односно слика што е децентрализацијата. Практично, повеќе од половина образование. Тој самиот соопшти кога штрајкуваа синдикатите пред неговото Министерство и кога се исплашија да одат во децентрализираните општини од јули 2007 година, побараа да останат во првата фаза на децентрализација каде што наводно платите ќе им бидат посигурни на 24, 25 илјади основно и средно образование, колку што има вработени, ако грешам, нека се исправи колку што е точно. Над 20 илјади е сигурно.

Министерот Рушити излезе и кажа сега ќе ја одложиме втората фаза на децентрализацијата за образованието и вие ќе останете во прва фаза, платите ќе ви одат преку централниот буџет. Јас лично се загрижив, ќе кажам подоцна зошто, од таа изјава. Меѓутоа, дојде една подобра изјава од господинот Коњановски кој соопшти дека втората фаза ќе тече, меѓутоа, само за 10 општини, кои можат да ги исполнат критериумите за да останат во втората фаза, односно да поминат во втората фаза. Ако само 10 општини стекнуваат услови да влезат во втората фаза, тогаш за мене, почитувани колеги пратеници треба да се запали црвениот аларм, дека во процесот на децентрализација треба нешто брзо да се измени, за да влезат повеќе од 10, 50, 60 општини, инаку процесот на децентрализација нема да заврши славно, ако во прва фаза останат 74, а десетина да одат во втора. Затоа што главната одлика на нив ќе биде останати во прва фаза од децентрализација.

Ќе завршам со следново: ајде малку да размислуваме и чекор понатаму. Сите, без

исклучок во Европската Унија писмено, значи тоа стои во овој документ што го добивте во Владата, или го добивме во Собранието, после во ноември или во декември за процесот на приближување на Македонија кон Европската Унија, стои децидно дека нема напредок во процесот на приближување на Македонија кон Европската унија, доколку процесот на децентализација не продолжи со темпото што е зацртано. Или со други зборови, ако немате децентализација, не очекувајте напредок во Европската Унија, тоа го зборуваше некој на говорница и затоа нема долго да го елаборирам. Меѓутоа, ако Владата официјално тврди дека само 10 општини ќе влезат во втората фаза, се надвиснува опасноста од Европската Унија во ноември кога ќе биде третиот извештај, во ноември 2007 година да ни биде соопштено дека процесот на децентрализација стагнира, дека 74 општини не можат да влезат и дека од Владата чекаме чекори за да преминат во втората фаза. Затоа сметам дека не треба толку лесно овој закон да се стави адакта, па ќе видиме понатаму што ќе се случува.

Завршувајќи, само сакам да повторам. Јас не можам само во свое име, бидејќи сме дестина луѓе предлагачи на законот, меѓутоа, мислам дека би било зрело за Парламентот, колку што слушам никој не го оспори персоналниот, ако е тоа кај ДДВ проблем, јасно е дека ќе не надгласаат мнозинството, тука нема, тоа е математика, тогаш, дајте сигнал да поднесеме сопствен амандман, барем персоналниот да помине. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи беше спомнат господинот Трајко Вељановски, тој се јави за реплика од три минути. Повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе, не да ме спомна, туку 20 пати ме спомна, изгледа чувствувајќи нервоза од мојот говор што вчера го одржав. Не знам, зошто господине Поповски толку нервоза.

Прво, никој нем и го правел говорот, никој не ми го составувал, поготово Министерството за финансии, туку имаше добар говор, доволно е да се следи вашата работа како министер за финансии и сега како опозиционен пратеник и ќе се види вашето постапување и врз основа на тоа можат да се изведат одредени тези, кои што во моментот вам не ви се допаѓаат.

Јас и вчера кажав, добро ќе беше вие како првопотпишан на овој закон, да бивте претставник, како што е вообичаено во овој законодавен дом, но избегавте од тоа.

Друго, второпотпишаниот го ставивте претставник. Персоналниот данок, рамниот данок доведоа до намалување на персоналниот од 15%, на 12% и на 10%, но не значи дека масата на собрани средства од персоналниот ќе биде помала и тоа ќе оди на сметка на општините. Вие гледам многу загриженост покажавте во овој говор за општините. Но не, кога бевте министер за финансии, кога не остваривте ни една средба со ЗЕЛС да ги слушневте нивните маки и кога буквално и општините и училиштата сите плачеа. Дека вие 40% им ги намаливте приходите, односно барањата кои што ги имаа во однос на исплатата на старите долгови. Вие тогаш не покажавте ни најмалку слух за нивните барања. Но сега, откако станавте опозиционен пратеник, после три месеци, поднесувате ваков закон. Треба да има континуитет во работата без оглед дали сте на власт, или сте во опозиција. Јас вчера кога кажав кој како гласал, спомнувајќи ги Славица Грковска, Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Слободан Најдовски, тоа беше по амандманот од Исмет Рамадани, кој што бараше 4% во однос на ДДВ.

И вие тогаш не го прифативте. И кажав дека сега во овој момент како станавте опозиционен пратеник барате 4,5% на ДДВ. А имавте можност само со еден збор: се прифаќа амандманот. И тогаш вие ќе го направевте она за што сега се залагате.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господине Вељаноски, немаше потреба да излезете бидејќи го повторивте истото што го зборувавте вчера, ниту збор повеќе, ниту збор помалку. Тоа веќе го слушнавме, тоа е веќе видено. Бидете среќен што јас бев министер за финансии и ја изведов фискалната децентрализација успешно и како резултат на тоа не се случи никакво пореметување во работењето на општините во процесот на изведување на децентрализацијата. Затоа што можеше да биде некој друг министер, па можеби немаше процесот да биде како што треба. А денеска процесот е позитивно оценет од сите.

Второ, вчера го повторивте тоа, не сакав да навлегувам, вие ги мешате блок дотациите од Министерството за образование за греење на училиштата со средствата кои одат од ДДВ и од персоналецот директно за општините за нивни намени. Не го разбравте тоа, ќе ви го објаснам после, затоа што сега немам време во репликата. Меѓутоа, вие мешате баби ижаби.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас само накратко околу дискусијата на пратеникот Никола Поповски. Мислам дека господинот Поповски како економист и како поранешен министер за финансии и член на Владата многу добро знае дека со носењето на вакви закони дека на некој начин се влијае и на макроекономската политика, или посебно дека влијае на формирањето и на трошењето на Буџетот. Од тој аспект мислам дека расправата што се отвори сега, овие неколку дена расправаме во врска со Предлогот на овој закон, дека сите пратеници без разлика дали се од позиција, или опозиција, а предлагаат, или подржуваат политика општините да имаат поголемо влијание и поголеми можности во

економскиот развој. Со тоа што го актуелизираа ова прашање, мислам дека на некој начин е псотигната целта и сигурен сум дека и Владата, министрите, посебно Министерството за финансии ја следи оваа расправа. Меѓутоа сепак мислам дека многу тешко е Парламентот сега да донесе ваков закон  за кој што немаме ниту доволно аргументи, ниту анал;изи како ќе се одразат сите овие законски решенија. Бидејќи господинот Никола Поповски половина од законот веќе најави можност да е повлече, мислам околу зголемвуање на средствата од ДДВ. Моја сугестија, мој предлог е сепак, да даде можност Владата да направи анализи и т.н. за да го повлечат овој закон, а сепак да имаме повторно шанса можеби за кратко време да донесеме некои решенија што ќе бидат во функција за кои што сите пратеници се залагаме.

**Иван Анастасовки:** Три минути реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван колега Поповски. Јас воопшто нема да се задржам на тоа колку е успешна фискалната децентрализација која што се спроведе во Република Македонија, но самиот факт што вие кажавте дека повеќе од 70 општини не се спремни да влезат во вториот степен на децентрализација, јасно зборува за тоа дека самиот старт на целокупниот процес на децентрализација е погрешен и дека уште од самиот старт многу работи не чинеа, самиот концепт кој што вие го застапувавте, а кој што ние не го застапувавме и затоа бевме цело време подложени на критики од вас, дека сме против процесот на децентрализација, што не е вистина. Ние се залагавме за еден сосема поинаков пристап во децентрализација, а со тоа и фискалната децентрализација да видиме како ќе тече, а тоа е да се децентрализираат постојните општини да можеме да ги принудиме сите да работат одговорно, да видиме кој може да успее да се снајде да работи, кој нема да успее да ги извршува обврските кон сопствените граѓани преку зддружување, преку меѓусебно поврзување да стигнеме до бројката која што вие пред малку ја кажавте дека прашање е на време кога општините ќе бидат 60, а не онолку колку што ги имаме во овој момент. Значи, тогаш ние инсистиравме без поголеми потреси самите општини и самите граѓани и начинот на функционирање на општините со децентрализацијата ќе покажат кои општини можат да опстојат, а кои општини не можат да опстојат. И сега имаме еден ваков концепт кој што вие го протежиравте, концепт во кој што без никаков финансиски елаборат, елаборат за финансиска оправданост на постоењето и кроење на границите на тие 80 и неколку општини, значи без никаква финансиска оправданост ги псотавивте границите и сега велите дека фискалната децентрализација е успешна, а не успешна е оваа Влада за само неколку месеци заради тоа што само 10 општини биле спремни да преминат во втората фаза. Мислам дека не е во ред тоа, не е во ред и законот кој што сега ни се нуди бидејќи апсолутно истиот концепт ни го нудите. И тогаш немаше елаборат за финансиска оправданост и сега повторно немаме никаков финансиски елаборат за овие 4,5% за да не убедите дали овие 4,5% ќе го решат проблемот на овие 2/3 од вкупниот број на општини кои што не се спремни да го почнат вториот степен на децентрализација. Значи, многу е битно тоа кои се аргументите да знаеме дали пробелмите ќе се решат со 4,5% и само со зголемување на овој  процент од данокот.

**Уван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Госпоѓа Бонева, и 84 е подобро од 124. Меѓутоа, ова ќе се обиде да ги реши проблемите. Проблемите нема да ги реши. Вие го имате кај вас во вашиот град господинот Заев. Него овој закон не му е потребен. Тој има добра финансиска конструкција на општината, издржлива е финансиски, не создава загуби. За Заев и за добрите градоначалници нема потреба од овој закон, а за лошите градоначалници како во општината во која јас живеам овде во градот Скопје, ни овој закон нема да им помогне и да е 9, а не 4,5%. Што значи дека ние треба да направиме се да им помогнеме на луѓето на кои може да им се помогне. На тие на кои не може да им се помогне треба во овој период сега да се размисли за нови овластувања на Владата за контрола на тој процес доле. Инаку, граѓаните ќе останат без процесот на децентрализација. Тоа е совршено јасно.

Само да ве потсетам за нешто друго. Не е моја изјавата дека 10 треба да преминат. 16 општини не беа спремни во моментот на трансферот на власта да преминат во втората фаза на децентрализација од 84. Господинот Коњановски рече 10, а не јас.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Само одредени дополнувања заради тоа што имам впечаток дека до колку понатаму продолжи оваа расправа, повторно ќе паднеме во истата замка кога ги носевме законите, пакетот закони за децентрализација кога главниот фокус беше даден на Законот за територијална организација. Да ја потсетам мојата колешка Бонева, тогаш инсистираше да остане моделот од 120 општини, а не тоа што го зборува сега. Меѓутоа, она што сакам да го потенцирам заради тоа што бев прочитана меѓу другите пратеници кои што не го подржале амандманот за 4,5% е дека тоа во тој момент и во изминатиов период се покажало како исправно. Се покажа дека тогашната проценка со таквата фискална децентрализација, фискална можност на општините овозможи успешно функционирање на општините во првата година ипол од процесот на децентрализација и од префрлање на надлежностите од централната на локалната власт што се покажа во сите анализи.

Ние имаме од сите и од домашни и меѓународни фактори позитивни оценки за реализација на овој процес. Она што ние го сметаме за важно е дека со одредени потези, економски потези во смисла на персоналниот данок и  на другите со намалување на даноците кои што ги направи оваа Влада дека општините ќе почувствуваат недостаток  на фианнсиски средства во нивниот буџет во втората фаза на децентрализација кога фактички ќе се префрлат и фискалните надлежности на општините. И затоа имаме сосема поразлична ситуација од онаа која што ја разговаравме тогаш кога за прв пат го носевме Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Јас ги замолувам уште еднаш моите колеги од парламентарното мнозинство да размислат внимателно како ќе гласаат за овој закон и дали и какви ќе им бидат сугестиите и дискусиите, затоа што реков во моето излагање, ќе повторам уште еднаш, убедена сум дека Владата многу брзо ќе свати дека е неопходно да се донесе ваква измена во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, можеби ќе биде различен процентот, меѓутоа ќе свати дека до колку не ја зголеми финансиската моќ на општините ќе биде невозможно да се спроведе втората фаза од децентрализација и ќе се соочиме со сериозни проблеми во функционирањето во државата.

**Иван Анастасовски:** Три минути процедурално пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Во договор со предлагачите на законот ние сме спремни на две варијанти, ако е тоа прифатливо за мнозинството. Едната варијанта е законот да помине во прва фаза и ние би ја повлекле втората фаза, а би го доставиле законот во втората фаза само со персоналниот данок во деловнички рокови.

И втората алтернатива е, ако е прифатливо за мнозинството да се изгласа законот со амандман каде што ДДВ би го отстраниле, бидејќи очигледно е дека ќе падне тоа, ДДВ би го отстраниле, тогаш во текот на утрешниот ден би го доставиле амандманот за да можеме Предлогот на закон да го гласаме само со тоа. Ако е нешто од ова прифатливо за мнозинството, јас би замолил да се изјасни, ние би постапиле така за да можеме барем овој дел каде што не видовме разлики да го направиме.

**Иван Анастасовски:** На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во моментот на гласањето немаше доволен број на пратеници во салата, гласањето не е валидно.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во моментот имаме доволен број на пратеници, ве повикувам да гласаме.

Во салта се присутни 65 пратеници, вкупно гласале 60, од кои 14 гласале за, 10 се воздржале од гласање, 36 гласале против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точката 10 - Барање за давање автентично толкување на член 66 од завршните и преодните одредби од Законот за управни спорови, поднесен од Народниот правобранител.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 66 од завршните и преодни одредби од Законот за управни спорови, поднесен од Народниот правобранител не е оправдано и нема потреба од давање на автентично толкување на овој член од причинисодржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до Народниот правобранител.

Предложениот заклучок го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, вкупно гласале 59 пратеници од кои за гласале 54, од гласањето се воздржале 2, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Ја прекинувам седницата.

Пет минути пауза да ја завршиме процедурата со потпишувањето и ќе продолжиме со 12-тата седница.

(Седницата прекина во 17,50 часот)